# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ 2024–2026 ГОДИНА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Скопје, февруари 2024 година

# СОДРЖИНА

**1.1 ВОВЕД** ....4
**1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА** ....5
1.2.1 SWOT АНАЛИЗА (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats) ....6
1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental) ....7
**1.3 МИСИЈА** ....9
**1.4 ВИЗИЈА** ....9
**1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ** ....9
1.5.1 ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНЦЕПТ „СМАРТ" ФИНАНСИИ ....10
**1.6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ** ....12
**1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ** ....14
**1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ:** ....15
**1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА** ....16
**1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА** .... 34
**1.11 ПРОГРАМИ** ....55
1.11.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА ....55
1.11.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ....56
1.11.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ ....57
1.11.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ....57
1.11.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ....58
1.11.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА ....58
1.11.7 ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ....59
1.11.8 УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ....59
**2 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (2024 – 2026 година)** ....61
**2.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА** ....61
2.1.1 Потпрограма: Правни работи ....62
2.1.2 Потпрограма: Општи работи ....64
2.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси ....66
2.1.4 Потпрограма: Финансиски прашања ....67
2.1.5 Потпрограма: Внатрешна ревизија ....68
2.1.6 Потпрограма: ИК технологија и дигитализација ....69
2.1.7 Потпрограма: Стратешко планирање ....71
2.1.8 Потпрограма: Академија за јавни финансии ....72
**2.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ** ....74
2.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики ....75

2.2.2 Потпрограма: Развојни проекти ....77
2.2.3 Потпрограма: Економски форум ....79
2.2.4 Потпрограма: Унапредување на фискална децентрализација .... 80
2.2.5 Потпрограма: Ефективни инструменти согласно Планот за забрзан економски раст ....83
**2.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ .... 85**
2.3.1 Потпрограма: Буџет и фондови ....86
2.3.2 Потпрограма: Трезор ....92
2.3.3 Потпрограма: Управување со јавен долг ....94
**2.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ....97**
2.4.1 Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи....98
2.4.2 Потпрограма: Даночна политика....99
2.4.3 Потпрограма: Царинска политика ....101
**2.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ....103**
2.5.1 Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции.... 104
2.5.2 Потпрограма: Пазар на капитал ....107
2.5.3 Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања....108
2.5.4 Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри ....110
2.5.5 Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување ....111
**2.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ....112**
2.6.1 Потпрограма: Управување со средства од Инструментот за претпристапна помош - ИПА....114
2.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори.... 115
2.6.3 Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција ....117
2.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи.... 119
2.6.5 Потпрограма: Управување со јавни инвестиции....122
**2.7 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ....124**
2.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола ....125
2.7.2 Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор....127
**2.8 ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ....129**
2.8.1 Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи....130
2.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците .... 131
**3 ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ....134**
**4 ПРИНЦИПИ НА ПРВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ....136**
**5 ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ....137**
**6 РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ....138**
**7 РИЗИЦИ....140**
**7.1 Ризици на ниво на Стратешки план....140**
**7.2 Ризици на ниво на Програма....141**

## 1.1 ВОВЕД

Министерството за финансии продолжува да ги реализира своите активности со зголемена транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките. Фокусот е на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и поголемо учество на сите засегнати страни при креирањето и спроведувањето на фискалните политики. Ова е особено актуелно и релевантно во периодот на сè уште присутната неизвесност од појава на нови бранови на ковид-19 поттикнати од нови соеви, како и од избивањето на воениот конфликт во Украина, со што дополнително се влоши меѓународното окружување, притоа предизвикувајќи висок раст на цените на меѓународните пазари на храна и енергенти.

Во наредниот среднорочен период, како дел од целите на Владата за економски раст, Министерството ќе се фокусира на одржување на макроекономската и финансиската стабилност, потоа на фискалната консолидација со истовремено подобрување на управувањето со јавните инвестиции, а воедно ќе работи и на поголемо мобилизирање на приватниот капитал, продолжување на реформите во управувањето со јавните финансии, поддршка на политиките за развој на човечкиот капитал, дигитализација на јавните услуги, зелена економија, подобрување на квалитетот на образовниот и на здравствениот систем, подобрување на физичката инфраструктура, деловното окружување и намалување на неформалната економија.

Министерството ќе продолжи посветено да работи на воведување „паметни" финансии преку систем на подолгорочно и поквалитетно буџетско планирање ориентирано кон резултати, како и на транспарентноста и отчетноста на јавните финансии како највисок степен на фискална контрола.

Новиот Закон за буџети е носечки закон на системот на „паметни" финансии, односно најголемата фискална реформа во последните две децении. Со овој закон традиционалното инкрементално буџетирање ќе се преориентира кон буџетирање насочено кон резултати. Главните реформи што ги содржи Законот се однесуваат на среднорочно проектирање и буџетирање, воведување интегриран информациски систем за управување со финансии, како и воведување фискален совет и фискални правила и принципи. Законот предвидува изработка на среднорочна петгодишна фискална стратегија базирана на секторски пристап и буџетирање базирано на успешност преку воведување и следење на индикаторите за успешност.

Не помалку важно е и вложувањето во развојот на човечките капацитети на Министерството, што се покажа како особен предизвик во услови на поголем одлив на работна сила од институцијата. Оттаму, во наредниот период напорите на раководството на институцијата ќе бидат насочени кон зајакнување на човечкиот капитал и градење знаење и вештини. Во таа насока веќе се започнати или ќе бидат започнати бројни активности поддржани од нашите партнери ЕУ, Светска банка, ММФ, како и преку билатерална соработка со повеќе земји.

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2024 - 2026 година е подготвен согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020 - 2024 година, Мандатното писмо од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, стратешките приоритети и приоритетните цели утврдени со Одлуката на Владата за 2024 година, Стратегијата за реформа на даночниот систем, Стратегијата за управување со јавниот долг, Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2023 – 2026 година, Програмата на економски реформи 2023 - 2025 година, Заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 16 мај 2023 година и програмата НПАА. Во согласност со интегралниот процес на планирање и буџетирање, Стратешкиот план претставува придружен документ на Буџетот на Министерството за финансии за 2024 година.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Клучни елементи на среднорочната фискална политика претставуваат се редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока наначочени кон поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

По солидното закрепнување во 2021 година кога беше остварен раст од 4,5%, растот на домашната економија во 2022 година во голема мерка беше ограничен од случувањата на глобално ниво, пред сеcè од војната во Украина, проследено со продлабочување на енергетската криза, високата инфлација и заострувањето на финансиските услови како одговор на засилените инфлациски очекувања. Во овие околности економијата во 2022 година оствари раст од 2,2%. Растот на економската активност во 2022 година е резултат на позитивните остварувања во услужниот сектор, додека земјоделството и индустријата забележаа намалување на активноста од 5,0% и 1,2%, соодветно. Во рамки на индустријата, преработувачката индустрија забележа пад од 2,7%. Во 2022 година, Ггградежништвото во 2022 забележа пад од 8,1% на реална основа. Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во 2022 година главно се должи главно на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемени бруто-инвестиции и потрошувачката. Бруто-инвестициите и потрошувачката забележаа раст на реална основа од 9,4% и 2,2%, соодветно.

Домашната економска активност во третиот квартал од 2023 година забележа реален годишен раст од 1,2%, по растот од 1,5% во првиот и 1,1% во вториот квартал, со што растот во првите девет месеци од годината изнесува 1,2%.. Раст забележаа услугите и земјоделството, додека индустријата и градежништвото регистрираа негативни остварувања.. Во текот на 2023 година инфлацијата продолжи со трендот на забавување којшто започнат кон крајот на минатата година, иа во ноември 2023 година достигна 3,1% на годишно ниво.

Во изминатиот период домашната економија покажа отпорност на последователните шокови предизвикани од здравствената, енергетска и ценовна криза. Навремениот одговор на фискалната политика во голема мера го ограничи влијанието на овие шокови. Владата реагираше навремено реагираше, со цел да се забави преносниот ефект од увезената инфлација и да се обезбеди целосно и стабилно снабдување со електрична енергија, како и за да се избегнат избегнување на ценовни шокови. Мерките беа таргетирани кон најранливите категории на граѓани погодени од кризата со цел за заштита на животниот стандард, одржување на ликвидноста на компаниите и поддршка на инвестициите во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија за да се обезбеди енергетска стабилност на долг рок.

Во наредниот период Еекономската активност и понатаму ќе во наредниот период ќе бидеја придружуваена со висок степен на неизвесност поради продолжувањето на воениот конфликт во Украина, геополитичките и геоекономските тензии, побавното забавување, на растот на инфлацијата од очекуваното на инфлацијата, особено на базичната, како и заострувањето на финансиските услови од страна на централните банки. Иако оценките за раст на глобалната и пред сеcè на европската активност се незначително подобрени, тие и понатаму остануваат ниски. Притоа, за Германија, како најголема европска економија и наш најзначаен трговски партнер, се очекува намалување на економската активност. Се очекува дека Вваквите појави ќе имаат неповолно се очекува да влијаниеат неповолно врз надворешната и домашната побарувачка, како и врз домашната побарувачка, односно врз инвестициите во основни средства и потрошувачката. Економскиот раст во 2023 година се очекува да изнесува 2,3%, додека на среден рок, со исцрпување на негативните ефекти од последователните шокови, се очекува нормализација на глобалните движења, намалување на инфлациските притисоци и јакнење на економската активност кај нашите главни трговски партнери, што ќе придонесе кон зголемување на надворешната побарувачка и поповолен амбиент за инвестирање. Подобреното надворешно окружување ќе овозможи поефективна реализација на економските политики и мерки преточени во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст, Планот за јавни инвестиции и Планот за

забрзан економски раст ("Growth Acceleration Plan"). Оттаму, на среден рок, се очекува постепено динамизирање на растот и постигнување на просечна стапка на раст од 5% во периодот 2024 - 2028 година.

Во среднорочниот период, фокусот на фискалната политика останува на обезбедување значително ниво на јавни инвестиции, коишто се предуслов за подобрување на економските перспективи, како и подобарна животот на граѓаните. Во таа насока, планиран е значителен износ на капитални инвестиции преку користење на средства од Буџетот, вклучително и средствата обезбедени со заеми од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори. Планираните износи укажуваат на интензивирање на инфраструктурните проекти, односно средства за инвестициски вложувања за патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

### 1.2.1 SWOT АНАЛИЗА (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats)

SWOT анализата е алатка за стратешко планирање. Се користи за процена на предностите и слабостите како внатрешни фактори и можностите и заканите како надворешни фактори што влијаат врз Министерството за финансии.

**Предности на Министерството за финансии се:** ефикасно и ефективно донесување ад хок одлуки од страна на највисокото раководство во услови на кризни состојби; посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски; подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации; соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со регулативата на ЕУ и одлична примена на правото во сите работни процеси; спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво; заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција; одлична соработка со меѓународните финансиски институции и билатерални донатори; изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002).

**Слаби страни што се воочени во Министерството за финансии се:** недостаток на човечки ресурси во одредени сектори, одлив на стручни кадри од Министерството во други институции и во приватниот сектор; непополнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувањата и одговорностите за одредени активности во работењето на Министерството; недоволен број потребни обуки во земјата и странство со цел надградување на вработените.

**Можности за подобрување на постојната состојба во Министерството за финансии се:** соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација и меѓуресорски трансфери на дел од вработените за да можат да дадат поголем придонес, како и надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство.

**Закани (опасности) по редовното функционирање на Министерството за финансии се:** одлив на стручни кадри во други институции, заминување во пензија и ненавремено пополнување на работните места со нововработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од оние што заминуваат, како и последици од руско-украинскиот воен конфликт, ценовната и енергетската криза.

**SWOT АНАЛИЗА**

| **ПРЕДНОСТИ (силни страни):** | **СЛАБОСТИ (слаби страни):** |
|---|---|
| – ефикасно и ефективно донесување ад хок одлуки од страна на највисокото раководство;<br>– посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>– подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации;<br>– соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со регулативата на ЕУ и одлична примена на правото во сите работни процеси;<br>– спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво;<br>– заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција;<br>– одлична соработка со меѓународните финансиски институции и билатерални донатори;<br>– изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002). | – недостаток на човечки ресурси во одредени сектори;<br>– одлив на стручни кадри од Министерството во други институции и во приватниот сектор;<br>– непополнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувањата и одговорностите за одредени активности во работењето на Министерството;<br>– недоволен број потребни обуки во земјата и странство со цел надградување на вработените. |
| **МОЖНОСТИ:** | **ЗАКАНИ (опасности):** |
| – соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација и меѓуресорски трансфери на дел од вработените за да можат да дадат поголем придонес;<br>– надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство. | – одлив на стручни кадри во други институции и заминување во пензија и ненавремено пополнување на работните места со новвработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од оние што заминуваат;<br>– последици од руско-украинскиот воен конфликт, ценовната и енергетската криза. |

### 1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental)

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори (PESTLE анализа) ни помага да го согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за финансии во 2022 година.

***Политички фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија; заклучоците што произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за финансии; редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

Извештаите на ЕК за напредокот на РСМ претставуваат важна рамка за насоките за работа на МФ.

***Меѓу поважните економски фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија; пристап до меѓународни програми и фондови; можности за обезбедување средства од донатори за спроведување одредени проектни активности, економска стабилност и закрепнување во периодот на воениот конфликт и енергетската криза.

***Социјални фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: влијанието на граѓанскиот сектор и информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии.

***Технолошки фактори*** што имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се: напредокот на дигиталните технологии, во која насока е креирана нова веб-страница на МФ (висококвалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ).

***Од правните фактори*** што имаат влијание врз работењето на Министерството за финансии ги издвојуваме: општите законски и подзаконски акти; Законот за буџети; меѓународните договори (билатерални и мултилатерални) и други активности на меѓународно ниво.

***Еколошки фактори*** што имаат влијание врз работата на Министерството за финансии се: климатските промени и меѓународните и националните стандарди за заштита на животната средина.

## PESTLE АНАЛИЗА

| **Политички фактори:** | **Економски фактори:** | **Социјални фактори:** |
|---|---|---|
| – стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија;<br>– заклучоците што произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за финансии;<br>– редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија;<br>– извештаите на ЕК за напредокот на РСМ, коишто претставуваат важна рамка за насоките за работата на МФ. | – обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија;<br>– пристап до меѓународни програми и фондови;<br>– можности за обезбедување средства од донатори за спроведување одредени проектни активности;<br>– економска стабилност и закрепнување во периодот на воениот конфликт и енергетската криза. | – влијанието на граѓанскиот сектор;<br>– информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии. |

| Технолошки фактори: | Правни фактори: | Еколошки фактори: |
|---|---|---|
| – напредокот на дигиталните технологии;<br>– креирана нова веб-страница на МФ (висококвалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ). | – општи законски и подзаконски акти;<br>– Закон за буџети;<br>– меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и други активности на меѓународно ниво. | – климатски промени;<br>– меѓународни и национални стандарди за заштита на животната средина. |

## 1.3 МИСИЈА

Мисијата на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 1.4 ВИЗИЈА

Визијата на Министерството за финансии е да спроведува континуирани реформи во доменот на јавните финансии, кои преку зајакнување на транспарентноста, инклузивноста и ефикасноста ќе придонесат воза градењето функционална пазарна економија и во постигнувањето забрзан, инклузивен и одржлив развој.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии ги врши работите што се однесуваат на:

- креирање среднорочна стратегија за економско заздравување и забрзан раст, со акцент на изворите, инструментите и механизмите за финансирање на растот;
- креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација и учество во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи;
- креирање на фискалната политика, управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес, подготвување и извршување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија и подготовка на среднорочни фискални проекции, анализа и следење на буџетските приходи и расходи на централно и локално ниво и следење на јавните инвестиции;
- креирање даночна и царинска политика во функција на зголемување на конкурентноста на националната економија и водење преговори за склучување на договорите за заштита на инвестиции и на договорите за одбегнување двојно оданочување и за заштита од фискална евазија;
- ефикасно управување со јавниот долг на Република Северна Македонија преку обезбедување средства за финансирање на Буџетот на државата со најнизок можен трошок на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик и издавање државни гаранции на начин кој одговара на прудентно ниво на ризик, одржување ефикасен и ликвиден пазар на државни хартии од вредност и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг;
- управување со трезорската и со другите сметки на државата, евидентирање на јавните приходи и расходи на централно и локално ниво, нивна распределба по корисници и на

единиците на локалната самоуправа, како и подготовка на проекции за ликвидноста на трезорската сметка; извршување на Буџетот на РСМ и на буџетите на единиците на локалната самоуправа;

- унапредување на управувањето со јавните финансии преку промовирање на транспарентноста, отчетноста, фискалната дисциплина и ефикасноста во користењето на јавните ресурси со цел обезбедување ефикасност и ефективност на јавната потрошувачка и обезбедување повисоко ниво на јавни услуги и економски развој, како и координација во процесот на реализација на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии – ПФМ;
- ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ и воспоставување ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од фондовите на ИПА;
- одржување стабилен финансиски систем преку изготвување регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, финансискиот лизинг, финансиските друштва, игрите на среќа и забавните игри, како и следење и надзор над давателите на финансиски лизинг и финансиските друштва;
- наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, побарувања генерирани од компензациони фондови и наплата на побарувања по основ на договори за препозајмување (он лендинг);
- хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ и спроведување внатрешна финансиска контрола во Министерството и во другите органи, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и органот во состав на Министерството без својство на правно лице; спроведување внатрешна ревизија во субјектите што имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии;
- заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција преку организирање и спроведување инспекциски надзор на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола извршени во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, како и заштита на финансиските интереси на Европската Унија преку координација на административни и оперативни обврски и активности и предлог-измени на националното законодавство во врска со борбата против измама на фондови на ЕУ и ефективна соработка со Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ);
- јакнење на системот на јавни набавки во согласност со европските стандарди и системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, во функција на јакнење на правната држава и владеењето на правото;
- координација на соработката со меѓународните финансиски институции и непосредно учество во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите коишто се поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициска банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатералните финансиски институции во однос на утврдување најповолен начин за финансирање на проектите;
- програмирање, техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА 2 и ИПА 3.

### 1.5.1 ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНЦЕПТ „СМАРТ“ ФИНАНСИИ

Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2022 - 2025 година е стратешки документ за развој на системот за управување со јавните финансии со кој се продолжуваат

започнатите реформи од претходниот четиригодишен период. Станува збор за амбициозен потфат кој ги опфаќа сите аспекти на управувањето со јавните финансии: економска анализа, макроекономска и фискална рамка, мобилизација и наплата на приходи, планирање на Буџетот, управување со јавни инвестиции, ефективни инструменти според Планот за забрзан раст, јавни набавки вклучувајќи ЈПП, воспоставување интегриран информациски систем за управување со финансии (ИФМИС), Академија за јавни финансии, буџетско сметководство, јавна внатрешна финансиска контрола, надворешна контрола и парламентарен надзор и УЈФ на локално ниво. Реформите во јавните финансии за подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето се идентификувани како една од клучните цели на Владата, што треба да обезбеди забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. Тоа вклучува одржување стабилен буџет на долг рок, притоа продолжувајќи со обезбедување квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти, преку модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација. Програмата се базира на концептот СМАРТ систем на јавни финансии или во буквален превод „паметни“ финансии, кој ќе се базира на јасна стратегија и ќе биде одржлив, одговорен, реформски ориентиран и транспарентен, кој ќе ги имплементира реформите што треба да се направат во јавните финансии, во смисла на подолгорочно и поквалитетно планирање на буџетските програми и буџетите и ќе биде континуиран, односно одржлив и континуирано ќе дејствува кон подобрување на транспарентноста. Ова значи стремеж кон поправичен модел на јавни финансии гледано од аспект на приходите, расходите и начинот на финансирање, односно популарно кажано - како се полни Буџетот и како и каде се трошат парите на граѓаните, при што фокусот е ставен на замена на традиционалното буџетирање со буџетирање засновано на резултати и воведување повеќегодишна буџетска рамка. Еден од главните столбови на СМАРТ системот мора да бидат транспарентноста и отчетноста на јавните финансии, со оглед на тоа дека во изминатите години транспарентност е „клучен збор“ во политиката. Неговата реална вредност за јавните финансии е дека тоа е највисок степен на фискална контрола, каде што информацијата и се дава на јавноста на едноставен и општо разбирлив начин, а јавноста суди и одлучува дали станува збор за вистинска или оправдана или легална одлука. Програмата се спроведува преку годишни акциски планови, а следењето се врши врз основа на полугодишни и годишни извештаи. Спроведувањето и следењето на новата Програма 2022 - 2025 година се базира на секторски дијалог за политиките со сите заинтересирани страни, кој беше воспоставен со претходната Програма. Целта на дијалогот е да се осигури заедничката работа на приоритетите и политиките во секторот Управување со јавни финансии и да се воспостави синергија и усогласеност помеѓу различните иницијативи, како и да се обезбеди дека буџетските средства и сите други расположливи ресурси, вклучително и донаторските средства ќе се користат на целисходен и транспарентен начин.

Новиот Закон за буџети, којшто беше усвоен од страна на Собранието во септември 2022 година и којшто ја дава рамката во која се дефинира системот за управување со јавни финансии во Република Северна Македонија, ја дава насоката за реализација на целите на Програмата. Со овој закон се уредува постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известување за нивното извршување. Законот ги регулира и фискалните правила, фискалните принципи, воспоставувањето Фискален совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и општините, како и следењето на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата и општините, како и фискалната одговорност и основите за воспоставување интегриран информациски систем за управување со финансии.

Еден од најголемите приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како дел од процесот за пристапување во Европската Унија, е подобрување на управувањето со јавните финансии и зајакнување на среднорочното буџетирање за наредните 5 години.

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика, Стратегија за управување со јавен долг со која се дефинира политиката на управување со јавениот долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи во рамки на Ппоедностaвениот еЕвропски семестар на ЕУ за земјите кандидати, со цел подобрување на економското управување, како и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и од други стратешки документи за европска интеграција.

Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ЕУ - ИПА (Надлежен координатор за акредитација, Национален координатор за авторизација и Програмски службеник за авторизација/раководител на оперативната структура), коишто ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата што произлегуваат од склучените договорите склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија. Исто така, формирано е Одделение за координација на борбата против измама на ЕУ средствата (АФКОС) заво насока на координација на административните и оперативните обврски и активности со цел да се заштитат финансиските интереси на Европската Унија и ефективната соработка и размена на информации со ОЛАФ.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, внатрешната финансиска контрола, а се поврзани и со активностите во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречувањето перење пари и финансирање тероризам.

Согласно ова, Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотноправниимотно-правни работи, како орган во состав на Министерството за финансии.

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите Министерството за финансии соработува со: Народната банка на Република Северна Македонија, Развојна банка на Северна Македонија, мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светска банка, Банка за развој при Советот на Европа, Германска кредитна банка за обнова - КфВ, УСАИД, Секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO), Шведска агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA), Јапонска агенција за меѓународна соработка (JICA), Европска банка за обнова и развој, агенции на ООН (УНДП, ФАО и други), Европска инвестициона банка, Европско биро за борба против измама (ОЛАФ), Европска комисија, Делегација на Европската Ккомисија и други меѓународни субјекти и синдикати), како и со корисниците и единките корисници на средства од Буџетот, единиците на локалната самоуправа, Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување,

Државниот завод за ревизија, Државниот завод за статистика, Сојузот на стопански комори на Македонија, Македонската берза, Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи, институции од науката, јавните обвинителства, судовите, Комисијата за спречување на корупцијата, бизнис-секторот (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.).

# 1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Органограм на Министерството за финансии



## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ:

Владата на Република Северна Македонија со Одлука ги утврди следните стратешки приоритети во 2024 година:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.
- обезбедување на владеењето на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Министерството за финансии, во рамките на своите законски надлежности, презема мерки и активности што придонесуваат за реализација на одредени стратешки приоритети дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;
- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- обезбедување предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;
- подобрено управување со јавните финансии преку фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
- унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, вклучително и преку унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините, подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции;
- воведување буџетско финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност);
- ефикасна координација на програмирање, искористување, следење, известување, евалуација и обука за зајакнување на капацитетите за спроведување на ИПА II и ИПА III и друга странска помош;

- градење стручна, професионална и департизирана администрација;
- спроведување политика за задржување на кадарот кој работи на процесот на интеграција во ЕУ и пристапни преговори, како и на структурата на ИПА за ефикасно и квалитетно управување и координација на процесот на преговори и европски фондови;
- зајакнување на човечките капацитети на секторите/одделенијата што работат на процесот на интеграција на земјата во Европската Унија во склоп на сите министерства и органите на државната управа;
- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- дигитална поврзливост и инфраструктура за ИКТ (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на владина инфраструктура за ИКТ и развој на Национална образовна инфраструктура за ИКТ);
- зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, финансиската инспекција во јавниот сектор и зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво.

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА

Во 2022 година домашната економијата оствари раст од 2,2%. Растот е резултат на позитивните остварувања во услужниот сектор и градежништвото. Услугите забележаа раст од 4,6%, во услови на висок раст во гранките Информации и комуникации, Дејности во врска со недвижен имот, Стручни, научни и технички дејности и Уметност, забава, и рекреација. Градежништвото забележа раст од 8,1%. Од друга страна, во 2022 година пад од 5,0% забележа земјоделството, а од од 1,2% индустријата.

Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во 2022 година се должи главно на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемени бруто-инвестиции и потрошувачка. Бруто-инвестициите забележаа раст од 9,4%, како резултат на растот на залихите (интермедијарни производи и суровини, енергенти), но и на растот на увозот на машини и опрема, за да се ублажат неповолните ефекти од воениот конфликт врз достапноста и цените на овие производи, особено во првата половина од годината. Позитивен придонес кон растот на инвестициите имаа зголемените капитални расходи од Буџетот. Потрошувачката забележа раст на реална основа од 2,2%, во чии рамки приватната потрошувачка поддржана од растот на платите, дознаките и солидната кредитна активност порасна за 3,8%. Јавната потрошувачка е намалена за 5,0% како реазултат на напорите за намалување на помалку продуктивните расходи.

Исто така, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности реализираше мерки и активности во функција на справување со пандемијата и ублажување на последиците од здравствената криза, воениот конфликт во Украина, ценовната и енергетската криза врз економијата, со цел задржување на макроекономската стабилност. Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на Министерството, беа подготвени повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на Министерството.

Во понатамошниот текст се елаборирани постигнатите цели на Министерството за финансии по програми за горенаведениот период, и тоа:

### ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

Во **Секторот за правни работи** беа преземени следните активности:

- донесување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година во предвидениот законски рок;

- изготвување на извештајот за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година;
- собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организационите единици во Министерството за финансии за набавка на стоки, услуги и работи;
- спроведување постапки за јавни набавки согласно Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки;
- изготвување договори за јавни набавки, согласно донесените одлуки за избор на најповолен понудувач;
- спроведување набавки под вредносни прагови, согласно Законот за јавните набавки;
- поднесување одговори по жалби до ДКЖЈН;
- давање одговори на барања за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии;
- давање мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се од надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организационите единици во Министерството;
- давање мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- давање мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- одговори на тужби, жалби и други правни лекови до Државното правобранителство на РСМ, во кои постапки како тужена страна се јавува Министерството за финансии;
- поднесување иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд.

Во **Секторот за општи работи** беа преземени следните активности:

- давање инструкции за сервисирање, технички преглед и регистрација, осигурување на службените возила, порачки на канцелариска хартија, канцелариски потрошен материјал, информатичка опрема и други порачки во согласност со склучените договори за јавни набавки;
- изготвување на Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на Министерството за финансии;
- донесување решенија за право на користење мобилен телефон за службени потреби и за ограничување на износот на сметката;
- изготвување порачки, согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- изготвување упатници за користење апартмани во објектите за одмор;
- одржување на опремата и инвентарот во зградата на Министерството;
- одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот);
- континуирано следење на реализацијата на договорите склучени во согласност со ГПЈН и договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите склучени преку СОЗР.

**Одделението за управување со човечки ресурси** во 2022 година спроведе 5 јавни огласи за вработување, согласно Планот за вработување за 2022 година, од кои за 3 јавни огласи постапката

е сè уште во тек и таа ќе продолжи во 2023 година. Од реализираните јавни огласи во 2022 година, беа вработени 20 лица. Согласно Планот за вработување за 2022 година, таа година беа спроведени и реализирани 2 интерни огласа за унапредување и притоа беа унапредени 43 лица. Освен тоа беа преземени и следните активности:

- донесување нов Правилник за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии;
- донесување нов Правилник за систематизација на работните места на Министерството за финансии за 2023 година;
- подготовка на Годишен план за вработување за 2023 година;
- подготовка на Годишен план за генерички обуки за 2023 година.

Во текот на 2022 година, во **Секторот за финансиски прашања** континуирано се преземаа активности за редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии и реализација на исплатите за проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“. Исто така беа изготвени:

- завршни сметки за 2021 година;
- Годишен финансиски извештај за 2021 година, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Предлог-буџетско барање на Министерството за финансии за 2023 година.

Во **Секторот за внатрешна ревизија** беа изготвени:

- годишни извештаи за работата на Секторот во Министерството за финансии за 2021 година, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија;
- извештаи за спроведени внатрешни ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија за 2022 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија;
- стратешки планови за извршување на внатрешната ревизија за период од 2023 до 2025 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија и
- годишни планови за внатрешна ревизија за 2023 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење внатрешна ревизија.

Во **Секторот за ИК технологија и дигитализација** во текот на 2022 година, користејќи проект од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ беше извршена миграцијата на мејл серверот од постоечкиот Зимбра на Иксчеинџ (Exchange). Со миграцијата на корисниците ќе им бидат на располагање новите можности што ги нуди новиот систем за поефикасно и поефективно извршување на работните задачи.

Воедно беше извршена и надградба на безбедноста (cyber security) во мрежата на Министерството за финансии, имплементирајќи ги: заштитниот ѕид на веб-апликациите (WAF) и системот за управувањето со привилегиран пристап (PAM).

Во **Одделението за стратешко планирање** беа изготвени следните документи:

- Стратешки план на Министерството за финансии за 2023-2025 година;

- Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 година;
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2021 година;
- предлози од Министерството за финансии за стратешки приоритети и цели за Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на стратешките приоритети во 2023 година;
- предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година;
- Годишен план за работа на Министерството за финансии за 2023 година;
- ажурирана Законодавна агенда на Владата за периодот 1.1.2022 - 30.6.2022 година и 1.7.2022 - 31.12.2022 година;
- ажурирана Законодавна агенда за закони од Министерство за финансии коишто се во собраниска процедура (2021 - 2022 година).

**Секторот Академија за јавни финансии** беше формиран согласно Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии донесен на ден 29.12.2022 година.

Пред нејзиното воспоставување како организациона единица во рамките на Министерството, беше формирана работна група со цел обезбедување координативна и техничка поддршка за непречено спроведување на активностите за воспоставување на Академијата за јавни финансии (Решение донесено од министерот за финансии на 29.11.2022 година). На 22.12.2022 година и 23.12.2022 година дел од членовите на работната група беа во студиска посета во Љубљана, Р. Словенија, во организација на ЦЕФ (Центар за развој на финансиите).

## ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

### Потпрограма: макроекономска политика

Програмата на економски реформи 2022 - 2024 беше усвоена од страна на Владата на 28 јануари 2022 година и доставена до Европската комисија на 31 јануари 2022 година. Во согласност со Хоризонталниот преглед на програмите за економски реформи 2022 - 2024 година на државите од Западен Балкан и Турција, по претходно спроведени оценски мисии од страна на ЕК, спроведувањето на препораките од Заедничките заклучоци усвоени во јули 2021 година за Република Северна Македонија е оценето како „делумно“, со резултат од 43,1%.

Врз основа на оценката од страна на Европската комисија, во рамки на Економско-финансискиот дијалог одржан на 24 мај 2022 година беа усвоени заеднички заклучоци со препораки за наредниот период, насочени кон мерки што ќе обезбедат итен одговор во однос на фискалната, економската и социјалната политика, со цел намалување на влијанието на пандемијата и економското влијание од руската инвазија врз Украина, како и транзиција од овие краткорочни мерки кон подолгорочни структурни мерки за поттикнување закрепнување на економијата на среден рок. Со оглед на неизвесноста од потенцијалните понатамошни ефекти на горенаведените предизвици, се потенцираше потребата од подготвеност за ублажување на негативните влијанија врз растот, вработувањето и социјалната кохезија со соодветно насочени, привремени и транспарентни фискални и финансиски мерки додека не се воспостави цврсто самоодржливо закрепнување. Економско-финансискиот дијалог придонесува за остварување на пошироките цели на доброто управување, вклучително владеењето на правото и економскиот просперитет. Со цел да се изгради економска отпорност на подолг рок, сите учесници се обврзаа за забрзување на зелената и дигиталната транзиција на Западен Балкан и Турција, вклучително и преку соодветно користење на финансиската поддршка на ЕУ преку ИПА и Европскиот фонд за одржлив развој.

На 22 јуни 2022 година се одржа Регионален состанок помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција, со цел започнување на процесот на подготовка на програмите на економски реформи 2023 - 2025 година. На состанокот, меѓу другото, беше презентиран новиот Водич за ПЕР со фокус на трите клучни предизвици кои земјата треба да ги надмине во идниот период, како и поврзување на мерките на структурни реформи со клучните предизвици, целите за одржлив развој, Европскиот зелен договор, Дигиталната агенда на ЕУ и врската меѓу програмата ИПА 3 и ПЕР.

Во периодот јули – декември 2022 година во рамки на регионалниот проект поддржан од ЕУ[1] беа одржани повеќе работилници од страна на ЦЕФ, поврзани со тимско планирање и развој на институционални капацитети за подобри ПЕР, програмирање на структурните реформи за ПЕР 2023 - 2025, клучни индикатори на перформанси и размена на добри практики за клучни индикатори за успешност.

Министерството за финансии, како координатор на процесот на подготовка на ПЕР, во август 2022 година достави до Владата на РСМ Информација за Економско – финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2023 - 2025 година. Таа ги содржеше Акцискиот план со препораките од Заедничките заклучоци од Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција усвоени на 24 мај 2022 година, како и работниот план за изработка на ПЕР 2023 - 2025 година, со што започна процесот на подготовка на ПЕР 2023 - 2025 година. Во септември 2022 година, надлежните институции доставија до МФ нацрт на секторска дијагностика и предлог реформски мерки за ПЕР 2023 - 2025 година.

На 23 и 24 ноември беше одржана видео Советодавна мисија на ЕК и надлежните институции за предложените реформски мерки за ПЕР 2023 - 2025, при што во дискусијата со институциите беа дадени предлози за подобрување на мерките.

Во декември 2022 година надлежните институции доставија до МФ финално известување за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план за спроведување на препораките од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 24 мај 2022 година.

Во изработката на ПЕР 2023 - 2025 беа вклучени сите релевантни институции, а таа беше финализирана кон крајот на 2022 година. Од 15 до 29 декември на веб-страницата на МФ беше објавен Нацрт-ПЕР 2023 - 2025, дел 2 - Реализација на препораките од Заедничките заклучоци и дел 5 - Структурни реформски мерки (https://finance.gov. mk/консултации-со-јавноста-за-нацрт-прог/), како дел од процесот на консултации со јавноста, а истовремено беше доставена електронска покана до заинтересираните страни, вклучително и до Економско-социјалниот совет, за доставување мислења и забелешки во однос на мерките.

Во декември 2022 година беше изработена макроекономската и фискалната рамка на ПЕР 2023 - 2025, врз основа на Ревидираната фискална стратегија 2023 - 2027 и Буџетот за 2023 година.

Во јануари 2023 година, Програмата заедно со Информацијата беа доставени до Владата на РСМ, со предлог заклучоци да се прифати текстот на ПЕР 2023 - 2025 и да се задолжи министерот за финансии да ја достави до ЕК. Програмата на економски реформи 2023 - 2025 година беше усвоена од страна на Владата на 1 февруари 2023 година и истиот ден официјално беше доставена до Европската комисија.

Во декември 2022 год. беше подготвен и доставен до Владата Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит во 2022 година и усвоен на 122-та седница на Владата, одржана на 01.02.2023 година.

[1] Зајакнување на капацитетите на линиските министерства за оценка на фискалните импликации на структурните реформи, ЕУ регионален проект за земјите од Западен Балкан и Турција

Во јули 2022 год. изготвен е и доставен во владина процедура Полугодишен извештај за извршувањето на буџетот на Република Северна Македонија јануари–јуни 2022 год. Истиот е усвоен на 75-та седница на Владата, одржана на 30.08.2022 год.

Во декември 2022 год. беше подготвен и доставен до Владата Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит во 2022 година и усвоен на 122-та седница на Владата, одржана на 01.02.2023 година.

**Потпрограма: Развојни проекти**

Преку **Вториот проект за подобрување на општинските услуги,** финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во износ од 25 милиони евра, општините во Република Северна Македонија можеа да обезбедат поволни финансиски средства за финансирање на своите капитални, инфраструктурни инвестиции. Договорот за заем беше склучен во јануари 2016 година, а краен рок за завршување на сите проектни активности - јануари 2023 година. Основната цел на Вториот МСИП проект е подобрување на транспарентноста, финансиската одржливост и сеопфатните општински услуги во општините учеснички во проектот.

Во рамки на компонентата за подзаем, 37 општини потпишаа 38 договори за подзаем со Министерството за финансии со цел реализација на 54 потпроекти во вкупна вредност од околу 19,4 мил. евра. Притоа, 34 општини реализираа 49 потпроекти, а 4 општини имаа 5 потпроекти во фаза на имплементација.

Во рамки на компонентата за грант беа потпишани 40 договори за грант со 35 општини со цел реализација на 43 потпроекти во вкупна вредност од околу 4,49 мил. евра, при што 35 потпроекти на 29 општини беа целосно завршени, а останатите треба да бидат завршени заклучно крајниот рок за изведба на работите. Во двете компоненти има општини со потпроекти во различни фази.

Крајниот рок за завршување на активностите е јануари 2023 година, при што, согласно Оперативниот прирачник на проектот, рокот во кој треба да бидат извршени финалните исплати е мај 2023 година.

Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор има основна цел намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор и поддршка за воспоставување и операционализација на одржлив механизам за финансирање енергетска ефикасност во јавниот сектор.

Во текот на 2022 година во рамки на компонентата 1а - Инвестиции во енергетска ефикасност во општините, беше спроведен сеизмички скрининг на општинските објекти и притоа беше утврдено дека 43 објекти во 12 општини го поминаа сеизмичкиот скрининг и тие продолжија во следната фаза во која ќе биде извршена енергетска ревизија и ќе биде изготвен основен проект за изведба. Беа потпишани иницијални договори за спроведување на проектите помеѓу Министерството за финансии и општините, за сите 12 општини кои имаат одобрени потпроекти по извршениот сеизмички скрининг каде што страните се обврзуваат дека ќе го спроведат проектот и по извршената енергетска ревизија и изработениот основен проект за изведба ќе пристапат кон потпишување договор за подзаем и грант. Исто така, беше потпишан и иницијален договор со 4-те општини кои поднесоа потпроекти за улично осветлување. Општина Пробиштип, која исто така аплицираше со потпроект за улично осветлување, бидејќи веќе имаше подготвена физибилити студија, кај неа се пристапи кон директно потпишување договор за подзаем и грант со Министерството за финансии. Со оглед на фактот што општините сè уште имаат можност да доставуваат барања за користење средства од овој Проект, во изминатиот период беа доставени апликации од страна на 13 општини.

Во однос на Компонентата 1б - Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт, сеизмички скрининг беше спроведен врз 27 објекти, поднесени од страна на

Министерството за здравство. Скринингот го поминаа 18 објекти за кои беа потпишани иницијални договори. Со оглед на фактот дека институциите од централната власт сè уште имаат можност да доставуваат барања за користење средства од овој Проект, во изминатиот период беа доставени апликации од 2 институции.

Во однос на Компонентата 1в - Технички студии за поддршка на инвестициите, по спроведената постапка за набавка беше потпишан договор со ИЗИИС за извршување сеизмички скрининг на објектите поднесени од страна на Министерството за здравство, како и на објектите поднесени од страна на општините. Исто така, беше објавен и тендер за избор на фирма за изработка на енергетски ревизии, проекти и ревизија на проектите за здравствените објекти. По завршувањето на постапката беше направен избор на консултантски фирми. Во текот на 2022 година се изработуваа енергетските ревизии и техничките проекти за објектите на здравствените центри и регионални болници. Во однос на објектот за Универзитетска клиника за психијатрија, беше потпишан договор за изработка на енергетска ревизија и поделба на проектот на ЕЕ мерки и други мерки. За општинските објекти беше распишана тендерска постапка за избор на фирма за изработка на енергетска ревизија, основни проекти и ревизија на проектите. Кај 4-те општини што имаат проекти со јавно осветлување беше потпишан договор за изработка на физибилити студии и основни проекти за јавно улично осветлување.

Во рамки на Компонента 2 - Техничка помош и поддршка при спроведувањето, со склучување договор и анекс на договорот беше ангажирана консултантска компанија која ги подготви документите потребни за подготовка и воспоставување на ЕЕ фонд. Компанијата подготви неколку опции за формирање на Фондот, па останува да се избере најповолната опција.

**Потпрограма: Економски форум**

На 30 и 31 мај беше одржана Втората годишна меѓународна конференција насловена „Одржување на растот во време на неизвесност и потоа“, под покровителство на „Скопје економски и финансиски форум - СЕФФ“ (Skopje Economic and Finance Forum - SEFF), во организација на Министерството за финансии. На конференцијата присуствуваа еминентни гости, претставници од ЕУ, угледни домашни и странски професори, министри од земјата и регионот, високи претставници на меѓународни финансиски институции (ЕИБ, ЕБОР, КфВ банка), амбасадори, како и добитникот на Нобеловата награда за економија Пол Кругман. Присуство и учество во панел-дискусиите обезбедија голем број директори и претставници од стопанските комори.

## ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

**Потпрограма за буџети и фондови**

Во текот на 2022 година беа изработени:

- Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година;
- изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година;
- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година;
- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година;
- Закон за буџети („Службен весник на РСМ“ бр. 203/2022).

Во **Секторот за буџет и фондови** беа подготвени повеќе документи во функција на реализација на зацртаните цели и активности, и тоа:

- Фискална стратегија на Република Северна Македонија и Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за периодот 2023 - 2025 година (со изгледи до 2027 година);
- Буџетски циркулар за 2023 година со кој се даваат насоките за изработка на Буџетот за наредната година;
- Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година;
- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година;
- Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година;
- План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори.

Во **Потпрограмата за трезор,** врз основа на спроведените и реализираните активности во 2022 година беа изготвени и спроведени:

- Годишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година;
- Полугодишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2022 година;
- активности во насока на исполнување на законските обврски и целите;
- извршување на Буџетот на РСМ и на буџетите на општините.

Во **Потпрограмата за управување со јавен долг**, во 2022 година беа подготвени и донесени следните документи:

- Одлука за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година;
- Одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност – НСВ (NSV) во 2022 година;
- Годишен извештај за јавниот долг за 2021 година;
- Стратегија за управување со јавниот долг за 2023 - 2025 (со изгледи до 2027 година) и Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг за 2023 - 2025 (со изгледи до 2027 година);
- Предлог-одлука за задолжување на Општина Гевгелија со долгорочен кредит кај Комерцијална Банка АД Скопје.

Исто така, беа подготвени и низа други документи.

Во првата половина од 2022 година во целост беше реализиран проектот за воспоставување електронско банкарство со Народната банка на Република Северна Македонија. Ова овозможи отплатите на обврските кон странските кредитори да се извршуваат по електронски пат, преку апликацијата Е-банкарство, обезбедувајќи намалување на оперативните ризици и трошоците за отплата на обврските, како и заштита на животната околина како резултат на намалената количина хартија што се употребува во подготовка на документите за отплата на обврските.

Во насока на реализација на целта за транспарентност и отчетност на јавните финансии, на веб-страницата на Министерство за финансии се објавуваат:

- месечни податоци за состојбата на државниот долг во рамки на Фискалниот бројач и
- квартални податоци за состојбата на државниот и јавниот долг.

Дополнително беше изработен и Акциски план за имплементација на препораки до ДЗР од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг - задолжување на РСМ" во кој се дефинирани активностите, роковите и носителите за имплементација на дадените препораки.

## ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

Во **Потпрограмата за политика за јавни приходи од акцизи,** во 2022 година беа донесени следните законски и подзаконски акти од областа на акцизната политика и оданочувањето на моторните возила:

- Закон за дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви;
- Закон за дополнување на Законот за акцизите;
- Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период и начинот на пресметување на акцизата.

Во **Потпрограмата за даночна политика**, во 2022 година продолжи имплементацијата на Стратегијата за реформа во даночниот систем 2021 – 2025 година. Дополнително, истата година беа донесени следните закони и подзаконски акти:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;
- Одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка;
- Одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок;
- Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на Законот за данок на додадена вредност;
- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник;
- Закон за измена и дополнување на Законот за данокот на личен доход;
- Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;
- Закон за измена и дополнување на Законот за регистрирање готовински плаќања;
- Објава за даночно намалување за 2023 година;
- Правилник за техничките и функционалните карактеристики на интегрираниот автоматски систем за управување, образецот на фискалната сметка, образецот на фискалното лого, документот касова сметка за сторна трансакција, формата и содржината на книгата за дневни финансиски извештаи, начинот за одобрување и продолжување на дозволата за производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, начинот на одземање на дозволата за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, функционалните и техничките карактеристики што треба да ги поседуваат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување за производство и продажба, елементите на фискалната сметка, начинот на

проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за нивно техничко одржување и сервисирање, формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опремата и потребната документација.

**Потпрограма: Царинска политика**

Во **Потпрограмата за царинска политика**, **беа донесени:**

- Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење работи за застапување во царинските постапки, во насока на усогласување со процесот на дигитализација;
- Предлог-закон за изменување на Законот за Царинската тарифа;
- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (4 измени годишно) и
- Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2023 година.

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Во **Програмата за финансиски систем,** во текот на 2022 година беа донесени закони и измени на законски решенија кои беа во функција на натамошно зајакнување на финансискиот систем и системот на осигурување, и тоа:

- Закон за платежни услуги и платни системи;
- Закон за вршење на сметководствени работи;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА);
- Закон за финансиска стабилност;
- Закон за изменување на Законот за финансиските друштва;
- Закон за изменување на Законот за лизинг;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за издавање обврзници за денационализација;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за банките;
- Одлука за Дваесет и прва емисија на обврзници за денационализација;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Беа преземени и повеќе активности и изготвени низа документи, меѓу кои:

- мислења по доставени барања за мислења по однос на закони и извештаи за работа и финансиски извештаи и финансиски планови од други институции;
- 8 обуки за банкарство и пазар на капитал во соработка со Агенцијата за трансфер на финансиска технологија - АТТФ од Луксембург.

Исто така, во текот на 2022 година беа издадени:

- дозволи за основање и работа на финансиско друштво - 3 (три);
- решенија за согласност за член на орган на управување во финансиско друштво - 6 (шест);
- решенија за согласност за промена на основна главнина на финансиско друштво - 4 (четири);

- решенија за согласност за промена во сопственичка структура на финансиско друштво - 3 (три);
- решенија за запирање постапка по поднесено барање од финансиско друштво – 2 (две);
- дозволи за основање и работа на давател на финансиски лизинг – 2 (две);
- решение за одземање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг – 1 (едно);
- решенија за согласност за член на орган на управување во давател на финансиски лизинг - 3 (три);
- лиценци за приредување игри на среќа - 10 (десет);
- одлука за одземање лиценца за игри на среќа во обложувалница – 1 (една);
- решенија за приредување игри на среќа и забавни игри - 850 (осумстотини и педесет);
- дозволи за приредување игри на среќа и забавни игри - 200 (двесте);
- мислења за утврдување постоење економски интерес за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија - 22 (дваесет и две).

Воедно беа донесени и усвоени:

- Правилник за формата и содржината на барањето за признавање професионална квалификација стекната во странство;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на сметководствени приправници, Регистарот на сметководители, Регистарот на овластени сметководители, Регистарот на трговци поединци - сметководители, Регистарот на трговци поединци - овластени сметководители, Регистарот на друштва за вршење сметководствени работи и Регистарот на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување;
- Правилник за формата и содржината на барањето за полагање испит за стекнување на статусот сметководител и барањето за полагање испит за стекнување на статусот овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител и уверението за овластен сметководител;
- Правилник за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на сметководители и барањето за упис во Регистарот на овластени сметководители, како и формата и содржината на потврдата за стекнато искуство во вршење сметководствени работи;
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог – финансиско друштво;
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог – давател на финансиски лизинг;
- Информација за Дванаесеттото годишно собрание на акционери на Европа Ре што ќе се одржи на 27 јуни 2022 година во Зуг, Шпанија.

## ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

### Потпрограма: Управување со средства од Инструментот за претпристапна помош ИПА

Во Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА во текот на 2022 година беа подготвени повеќе документи во функција на натамошно унапредување на односите со Европската Унија:

- Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано и индиректно управување со средствата од ИПА за 2021 година за ИПА 1 и ИПА 2, издадена во февруари 2022 година;
- годишни финансиски извештаи за средствата од ИПА испратени од НАО до Европска комисија;
- Конечен извештај од верификациската посета за осигурување на одржливоста на инвестиционите проекти за НП 2013 - Помош во периодот на транзиција и институционална надградба, согласно со Годишниот план за верификациски посети за 2022 година;
- дизајниран систем за индиректно управување со средствата од ИПА од страна на Република Северна Македонија, согласно со барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година за животна средина, како и за Програмата ИПАРД 3;
- нацрт на внатрешни постапки за работа за Секторот за управување со средства во рамки на ИПА/ИПАРД 3 како и Нацрт-уредба за утврдување на меѓусебните односи помеѓу органите и структурите за управување со ИПА 3;
- нацрт-верзија на документација за доставување барање за управување со ИПА 3, Годишна акциска програма за 2022 година;
- Извештај од самопроцена за акредитирање на Годишната акциска програма за 2022 година и пакет-документи доставени до Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош;
- анализа и издавање препораки на нацрт-документацијата за префрлање кон системот за индиректно управување со ИПАРД 3, изготвени од страна на Агенцијата ИПАРД и Телото за управување при МЗШВ;
- квартални извештаи за управувањето со идентификуваните неправилности во програмите ИПА доставени до ЕУ;
- Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската Унија со цел нивна подготовка за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови.

Во однос на политиката за мотивација и задржување на кадарот во рамки на системот за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ИПА воспоставено е решение што се имплементира и во текот на 2022 година, со кое на вработените во институциите вклучени во структурата на ИПА им е определен додаток на плата од 15%. Во рамки на Законот за извршување на Буџетот за 2023 година предвидено е продолжување на примената на додатокот на плата од 15% за вработените во институции вклучени во структурата на ИПА.

**Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)**

Секторот за централно финансирање и склучување договори во 2022 година спроведе активности во насока на имплементација на средствата од ИПА.

Активностите во врска со апсорпцијата на средствата од ИПА, што ги вклучува склучените договори и исплатата на средствата за склучените договори заклучно со 31.12.2022 година по програма, се следните:

- во рамките на Годишната програма за 2014 година, на Република Северна Македонија ѝ беа ставени на располагање средства од ИПА во износ од 20 милиони евра. Беа склучени вкупно 26 (дваесет и шест) договори, во вкупен износ од 14,71 милион евра од кои 12,74 милиони евра се средства од ИПА што претставува 63,7% од расположливите средства од

ИПА за оваа програма. До крајот на 2022 година беа исплатени 12,40 милиони евра што претставува 62,04% од расположливите средства од ИПА за оваа програма;

- во рамките на **Повеќегодишната секторска оперативна програма за транспорт и животна средина и климатски промени,** беа ставени на располагање средства од ИПА во износ од 225,87 милиони евра. Во рамките на оваа програма беа потпишани договори во вкупен износ од 61,86 милиони евра. До крајот на 2022 година беа исплатени 30,58 милиони евра што претставува 13,54% од расположливите средства од ИПА за оваа програма;
- во рамките на Годишната програма за 2017 година, на Република Северна Македонија ѝ беа ставени на располагање средства од ИПА во износ од 12,65 милиони евра. Досега се склучени 10 (десет) договори во вкупен износ од 12,26 милиона евра од кои 11,67 милиони евра се средства од ИПА, што претставува 92,31% од расположливите средства од ИПА за оваа програма. Исплатени се 4,44 милиони евра од средствата од ИПА што претставува 35,13% од расположливите средства од ИПА за оваа програма.

Во истиот период беше подготвена и доставена до инволвираните страни Анализа на научени лекции за 2022 година.

Во рамки на тековните програми договорите се склучуваат согласно усвоените планови за јавни набавки, а исплатите се извршуваат согласно Планот за исплати.

Во текот на 2022 година беа изработени нацрт-верзии од Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ЦФСД за програмата ИПА 3, со цел добивање акредитација и почеток на спроведување на оваа програма.

**Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција**

Во рамките на оваа потпрограма беа реализирани следните активности:

- претседавање со Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа онлајн на 6.10.2022 година;
- координација на Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи.

Воедно, во 2022 година беа подготвени, а потоа и усвоени од страна Владата, следните документи:

- Одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии;
- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за периодот јануари – декември 2021 година;
- нова Програма за реформа на управувањето со јавните финансии за следниот програмски период 2022 - 2025 година;
- Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за 2022 година;
- Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за 2022 година, за периодот јануари – јуни 2022 година.

Сите документи се објавени на веб-страницата на Министерството за финансии.

Во 2022 година беа подготвени Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2021 година – март 2022 година и Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот април – 15 јуни 2022 година.

Со цел имплементација на Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управување со јавни инвестиции, а врз основа на препораките од извештајот на ММФ за

институционалната поставеност на новата организациона единица за управување со јавни инвестиции, во декември 2022 г. беа донесени нови акти за организација и систематизација на работните места во Министерството за финансии, со кои беше формално воспоставен нов **Сектор за управување со јавни инвестиции**. Секторот за управување со јавни инвестиции ќе врши работи што се однесуваат на оцена на јавните инфраструктурни проекти, примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста, давање мислења и препораки за проектите, подготовка на сумарна листа на предложени, разгледани и оценети нови јавни инфраструктурни проекти, консолидирање на приоритетната листа на јавни инфраструктурни проекти, следење на јавните инфраструктурни проекти и развој и ажурирање на методологиите за подготовка и оцена на проекти.

**Потпрограма: Меѓународни финансиски односи**

Во Секторот за меѓународни финансиски односи во текот на 2022 година беа донесени следните закони:

- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување локални патишта;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на „ТЕН-Т проектот за автопат од Скопје до границата со Косово", кој ќе биде склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе биде склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем од Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост и ликвидност;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем од Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии.

Во 2022 година беа подготвени следните закони, кои беа усвоени од страна на Собранието во 2023 година:

- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе биде склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе

биде склучен помеѓу Европската инвестициска банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје;

- Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем од Европската банка за обнова и развој по договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор 8, фаза 2".

Беа подготвени и усвоени:

- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 31 декември 2021 година;
- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 31 март 2022 година;
- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 30 јуни 2022 година;
- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 30 септември 2022 година;
- Информација за потребата од склучување Договор за грант помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии, и Европската банка за обнова и развој за проектот „Патна делница Крива Паланка - Деве Баир (граница со Бугарија)";
- Информација за потребата од склучување Договор за грант помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии, и Европската банка за обнова и развој за финансирање на патниот дел од Коридор 8, фаза 1;
- Информација за потребата од склучување Договор за грант со Светска банка за Проектот за модернизација на земјоделството;
- Информација за потребата од користење макрофинансиска поддршка од Европската Унија за држави кои не се членки на ЕУ;
- Одлука за утврдување на финансиските услови за препозајмување на дел од средствата од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, наменет за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор.

Исто така, беа подготвени а потоа и усвоени од страна на Владата:

- Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за 2022 година;
- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2021 година за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за периодот јануари - декември 2021 година;
- Извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии за периодот јануари – јуни 2022 година;
- Одлука за формирање совет за управување со јавни финансии;
- Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година.

Со цел имплементација на Акцискиот план за спроведување на препораките од Процената за управување со јавни инвестиции и преземање подготвителни активности за воспоставување организациона единица во Министерството за финансии која ќе извршува функции поврзани со управување со јавни инвестиции, беа формирани две работни групи. Со техничка помош од ММФ беше спроведена мисија која даде Извештај со препораки за институционалната поставеност на новата организациона единица за управување со јавни инвестиции. Врз основа на препораките од Извештајот, во Функционалната анализа на Министерството за финансии се предвидува формирање нов Сектор за управување со јавни инвестиции.

Во 2022 година беа подготвени: Придонес кон извештајот на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2021 година - март 2022 година и Придонес кон извештајот на ЕК за напредокот на РСМ за периодот април -15 јуни 2022 година.

## ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

**Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола**

Во Потпрограмата за јавна внатрешната финансиска контрола, во 2022 година, Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Централната единица за хармонизација) продолжи да ги спроведува реформите во јавната внатрешна финансиска контрола преку следните активности:

- континуирана координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку непосредна комуникација и поддршка на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија од институциите од јавниот сектор;
- анализа на целокупната документација што ја подготвуваат единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- имплементацијата на мерките и активностите наведени во „Програма за Управување со јавните финансии 2022 - 2025“ – Столб 6 – Јавна внатрешна финансиска контрола, приоритети: Финансиско управување и контрола и Внатрешна ревизија;
- подготовка на Годишниот извештај за функционирањето на системот за јавна внатрешна финансиска контрола за 2021 година, којшто беше усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија на 6 септември 2022 година;
- подготовка на мислења по барање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во врска со конечните извештаи на Државниот завод за ревизија, акциските планови коишто се подготвуваат врз основа на овие извештаи и извештаите за имплементација на акциските планови;
- супервизија на работењето на единицата за внатрешна ревизија во Општина Гази Баба;
- спроведување активности за координација и соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, за спроведување и следење на активностите поврзани со „Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 преку Централната единица за хармонизација во склоп на Министерството за финансии;
- Централната единица за хармонизација е редовно вклучена и учествува на состаноци и настани коишто се организираат со цел спречување корупција и измами во работењето во јавниот сектор;
- Централната единица за хармонизација учествува во подготовка на потребната документација од областа на Реформата на јавната администрација. Исто така, зема учество и на објаснувачкиот состанок и на состанокот на билатералниот скрининг со Европската комисија организирани за областа Реформа на јавната администрација. Оваа

вклученост обезбедува хоризонтален и координиран пристап во спроведувањето на реформите во поодделните области.

Во 2022 година, Централната единица за хармонизација, во соработка со експертите од твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“, ги спроведе следните активности:

- подготовка на Нацрт-прирачник за внатрешна ревизија;
- подготовка на Нацрт-правилник за содржината на рамката за воспоставување и развој на системот за внатрешна контрола и компонентите на внатрешната контрола;
- организација и спроведување на пет пилот-ревизии во пет институции од јавниот сектор;
- подготовка на извештај со предлог техничка спецификација за ИТ апликација, со цел подобрување на процесот на годишно известување за системот на јавна вантрешна финансиска контрола;
- организација и спроведување работилница/работни состаноци со пет пилот-институции за зајакнување на контролните активности во насока на превенција од измами и корупција при спроведување на постапките за јавни набавки, со дадени препораки за подобрување;
- организација и спроведување работилница за унапредување на координативната улога на Централната единица за хармонизација;
- организација и спроведување работилница/презентација на новиот Нацрт-прирачник за внатрешна ревизија на институциите од јавниот сектор;
- организација и спроведување работилница со практични примери за спроведување на усвоените Заклучоци по Годишниот извештај за функционирање на системот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- организација и спроведување работилница за ИТ ревизија.

Воедно, Централната единица за хармонизација презеде и активности поврзани со Поглавјето 32 - Финансиска контрола.

Врз основа на „Одлуката за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 200/2022 и бр. 224/2022), „Одлуката за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2022) и заклучоците од 78-мата седница на Владата одржана на 5.9.2022 година, од страна на Министерството за финансии како инстуција носител на Поглавјето 32 - Финансиска контрола до Секретаријатот за европски прашања беше доставена номинација за Работна група за Поглавје 32 - Финансиска контрола (Кластер 1 – Фундаментални вредности). Согласно ова, за раководител на работната група е номиниран помошник-раководителот на Централната единица за харомонизација.

Министерството за финансии, преку Централната единица за хармонизација, согласно одредбите од погоре наведените одлуки, има клучна улога во целокупната координација и подготовка на сите материјали за објаснувачкиот состанок за Поглавјето, билатералниот скрининиг и подготовка на извештаи за напредокот и сите други обврски што произлегуваат за Поглавјето, а се по барање на Европската комисија.

За статусот и реализацијата на мерките и активностите во Поглавјето, Министерството за финансии редовно, преку Секретаријатот за европски прашања, ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Напредокот во ова поглавје беше презентиран на состанокот на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа онлајн на 6 октомври 2022 година.

На 19 септември 2022 година, во Брисел, Белгија Европската комисија организира дополнителен објаснувачки состанок за Поглавјето 32 – Финансиска контрола.

На 6 декември 2022 година, во Брисел, Белгија во просториите на Европската комисија беше организиран состанок за билатерален скрининг за Поглавјето 32 – Финансиска контрола.

Во **Потпрограмата за финансиска инспекција во јавниот сектор,** Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата реализира низа активности во текот на 2022 година.

Во рамките на ИПА твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола", со поддршка од експертите од твининг-проектот, беа изготвени меморандуми за соработка со Управата за финансиска полиција, Јавното обвинителство и Ревизорското тело.

Беше изготвен и Извештај за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија 2019 - 2022 со состојба 31.12.2021 година. Извештајот беше разгледан од страна на Владата на Република Северна Македонија на 5.7.2022 година.

Воедно, беше спроведена активност за ревидирање на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија и изготвена нова Стратегија со временска рамка 2022 – 2025 година со Акциски план за спроведување, кои беа усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија на 14.6.2022 година.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6.12.2022 година ја усвои Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија во која се инкорпорирани одредбите за воспоставување институционална мрежа за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија (АФКОС-мрежа).

Претставници на одделението АФКОС учествуваа на годишната конференција организирани од страна на ОЛАФ на тема „Заедно во борба против измама" (Fighting fraud together).

Беа одржани четири обуки, согласно Планот за обуки 2021 – 2022 година, врз основа на извршената анализа за потребата од обука на телата на ИПА и соодветните национални органи што учествуваат во заштитата од измама на фондовите на ЕУ.

Со поддршка од експертите од твининг-проектот на ИПА, беше подготвен текстот на новиот Предлог-закон за финансиска инспекција во јавниот сектор, кој во 2022 година влезе во собраниска процедура. Воедно отпочна подготовката на внатрешните процедури за работа на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борбата против измама на ЕУ средствата и беа реализирани обуки за примена на новите методолошки алатки, беше одржана работилница за утврдување на приоритетите на финансиската инспекција според утврдените критериуми и подготовка за вршење финансиска инспекција, а беше реализирана и студиска посета на Загреб, Хрватска.

Исто така, беше подготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2021 година, којшто беше разгледан од страна на Владата на Република Северна Македонија на 12.4.2022 година, а беа спроведени и финансиски инспекции кај субјекти од јавниот сектор. Финансиската инспекција, како приоритет, беше внесена во Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" 2022 - 2025 година, во рамките на Столбот 6 - Јавна внатрешна финансиска контрола, а беа преземени и активности за измена на систематизацијата на организационата единица за финансиска инспекција во јавниот сектор во рамки на Министерството за финансии со цел системско унапредување на финансиската инспекција.

**ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА**

Во **Потпрограмата за управна постапка и нормативно имотноправни и облигациони работи,** во текот на 2022 година континуирано беа преземани активности за решавање на предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и на предметите за експропријација.

Тековно се изготвуваа мислења во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а се даваа и одговори по поднесени претставки и предлози во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози.

Исто така, се управуваше и со електронскиот систем – Портал за проверка на статус на предмет за приватизација https://privatizacija.finance.gov.mk/, преку кој барателите имаат увид во текот на постапките по поднесените барања за приватизација, како и со системот за електронско јавно наддавање воспоставен во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Беше донесена Уредба за изменување на Уредбата за висината на надоместокот за приватизација на градежно земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на РСМ“ бр. 81/22 и 168/22).

Во 2022 година беа изготвени и: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост; Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост; Предлог-уредба за утврдување на висината на закупнината на градежно изградено земјиште во државна сопственост коешто е предмет на закуп, како и начинот на наплата на закупнината и Предлог-уредба за висината на надоместокот на градежното земјиште во државна сопственост коешто е предмет на приватизација по воспоставен закуп, како и начинот на наплата на надоместокот за приватизација.

Во **Потпрограмата за наплата на побарувања** континуирано се врши наплата на побарувањата од должниците и се остварува продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени процени од страна на Бирото за судски вештачења и донесени Одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија, се изготвуваат завршни сметки, се постапува по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд во согласност со Законот за управни спорови (донесување управни акти), се постапува по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти), се поднесуваат опомени и известувања до должници, се врши следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување до отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедува комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираат инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации до Секторот за трезор/се поднесуваат барања за поведување судска постапка за наплата на побарувања.

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

Во третиот квартал од 2023 година, домашната економија забележа раст од 1,2% на реална основа, споредено со истиот квартал претходната година. Гледано од производната страна, растот на БДП е резултат на позитивните остварувања во услужниот сектор и земјоделството. Активноста во услужниот сектор во периодот К1 - К3 2023 година се зголеми за 2,8%. Од услужните дејности највисок раст е забележан кај гранката Информации и комуникации и тоа од 5,2%, но раст бележат и Финансиски и дејности на осигурување од 4,7%, Дејности во врска со недвижен имот од 4,5%, Стручни, научни и технички дејности од 3,5%, Трговија, транспорт и угостителство од 3,2%, итн.. Пад е забележан единствено во гранката Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 1,9%.

Во периодот К1 - К3 2023 година, Градежништвото оствари пад од 6,5%, што според месечните податоци се должи на падот во двата сегмента, односно и кај високоградбата и кај нискоградбата. Индустрискиот сектор забележа минимален раст од 0,1%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 2,0%. Раст од 0,8% оствари и земјоделството.

Гледано од расходната страна на БДП, растот на економската активност во третиот квартал од 2023 година е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот и на потрошувачката. Во овој квартал, потрошувачката забележа реален годишен раст од 1,8%, придвижена од растот на приватната потрошувачка од 2,8%, додека јавната потрошувачка се намали за 3,0%. Нето-извозот имаше позитивен придонес во услови на пад на извозот од 5,0%, при истовремен пад на увозот од 9,8%.

Од друга страна, бруто-инвестициите имаа изразено негативен ефект врз економскиот раст во третиот квартал, откако забележаа силен пад од 18,2%.

Во согласност со основното сценарио, просечниот раст на економската активност во периодот 2024 - 2028 година се очекува да достигне 5,1%, придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има помал негативен придонес, во услови на поумерен раст на извозот и увозот на стоки и услуги.

Исто така, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности реализира мерки и активности во функција на ублажување на ефектите од воениот конфликт во Украина, ценовната и енергетската криза врз економијата, со цел задржување на макроекономската стабилност. Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на Министерството, беа подготвени повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на Министерството.

Во понатамошниот текст се елаборирани постигнатите цели на Министерството за финансии по програми за горенаведениот период, и тоа:

## ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

**Во Потпрограмата за правни работи беа преземени следните активности:**

- донесување на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година во предвидениот законски рок;
- изготвување на Извештајот за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година;
- собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организационите единици во Министерството за финансии за потребите од набавка на стоки, услуги и работи;
- спроведување постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2022 година и за претходните години;
- изготвување договори за јавни набавки во согласност со донесените одлуки за избор на најповолен понудувач;
- спроведување набавки под вредносни прагови во согласност со Законот за јавните набавки;
- поднесување одговори по жалби до ДКЖЈН;
- давање одговори на барањата за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии;
- давање мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се во надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организационите единици во Министерството;

- давање мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- давање мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа;
- одговори на тужби, жалби и други правни лекови до Државното правобранителство на РСМ, во кои постапки како тужена стана се јавува Министерството за финансии;
- поднесување иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд.

**Во Потпрограмата за општи работи беа преземени следните активности:**

- изготвување инструкции за сервисирање, технички преглед, регистрација и осигурување на службените возила, набавка на канцелариска хартија, канцелариски потрошен материјал, информатичка опрема и други инструкции во согласност со склучените договори за јавни набавки;
- изготвување решенија за право на користење мобилен телефон за службени потреби и за ограничување на износот на сметката;
- правење порачки, давање согласности и одобренија во согласност со договорите за јавни набавки;
- изготвување упатници за користење апартмани во објектите за одмор;
- одржување на опремата и инвентарот во зградата на Министерството;
- одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот);
- континуирано преведување од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно на законските и подзаконските акти и на други пишани материјали што произлегуваат од делокругот на работата на Министерството за финансии;
- континуирано следење на реализацијата на договорите склучени во согласност со ГПЈН и договорите по исклучок од ЗЈН, како и на договорите склучени преку СОЗР.

**Секторот за управување со човечки ресурси** во 2023 година спроведе 7 јавни огласи за вработување, согласно Планот за вработување за 2023 година, од кои за 3 јавни огласи постапката е сè уште во тек и таа ќе продолжи во 2024 година. Од реализираните јавни огласи во 2023 година, беше вработено 41 лице. Согласно Планот за вработување за 2023 година, таа година беа спроведени и реализирани 3 интерни огласи за унапредување, а притоа беа унапредени 84 лица. Освен тоа, беа преземени и следните активности:

- подготовка на Годишен план за вработување за 2024 година;
- подготовка на Годишен план за генерички обуки за 2024 година.

Во 2023 година, **во Потпрограмата за финансиски прашања** континуирано се преземаа активности за редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии и реализација на исплатите за проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“. Исто така беа изготвени:

- завршни сметки за 2022 година;
- Годишен финансиски извештај за 2022 година, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Предлог-буџетско барање на Министерството за финансии за 2024 година.

**Во Потпрограмата за внатрешна ревизија** беа изготвени:

- годишни извештаи за 2022 година за работата на Секторот во состав на Министерството за финансии, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- извештаи за извршените ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија за 2023 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- ревизија во ЈП за железничка инфраструктура - Железници на РСМ, организирана од страна на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, а по барање на директорот на ЈП Железници;
- стратешки планови за извршување внатрешна ревизија за периодот од 2024 до 2026 година и годишни планови за внатрешна ревизија за 2024 година во Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија.

**Во Потпрограмата за ИК технологија и дигитализација** во 2023 година беше воспоставен Заштитен ѕид на веб-апликации - WAF.

До крајот на 2023 година беа преземени и следните активности:

- континуиран развој и одржување на инфраструктура за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти;
- професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ;
- континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија;
- имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со финансии;
- управување со привилигиран пристап (PAM);
- превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи;
- услуга за управување со Компјутерска безбедност, со што дополнително ќе се проверува безбедноста на системот за ИКТ;
- изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор;
- целосна надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР;
- редизајнирање на мрежата на МФ;
- надградба и промена на активната мрежа на WIFI и покривање на подрачните единици со WIFI;
- развој и имплементирање на ИФМИС.

**Во Потпрограмата за стратешко планирање** беа изготвени следните документи:

- Годишен план за работа на Министерството за финансии за 2023 година којшто е објавен на веб-страницата на Министерство за финансии;
- Стратешки план на Министерството за финансии за 2023 - 2025 година исто така објавен на веб-страницата на Министерство за финансии;
- Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2022 година;

- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерство за финансии за 2022 година;
- предлози од Министерството за финансии за стратешките приоритети и цели за Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на стратешките приоритети во 2024 година;
- предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (финална верзија);
- ажурирана Законодавна агенда на Владата за периодот 1.1.2023 - 30.6.2023 година;
- ажурирана Законодавна агенда за закони од Министерството за финансии коишто се во собраниска процедура (2021 - 2022).

До крајот на 2023 година Одделението за стратешко планирање работеше и на:

- подготовка на Нацрт–стратешки план на Министерството за финансии за 2024 - 2026 година;
- подготовка на Нацрт-годишен план за работа на Министерството за финансии за 2024 - 2026 година;
- подготовка на предлог-иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година;
- ажурирање на Законодавната агенда на Владата за периодот 1.7.2023 - 31.12.2023 година; и
- ажурирање на Законодавната агенда за закони од Министерството за финансии коишто се во собраниска процедура.

**Потпрограма: Академија за јавни финансии**

Во 2023 година, новоформираниот сектор во Министерството за финансии - Секторот Академија за јавни финансии во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси презеде активности за пополнување на дел од работните места согласно Правилникот за систематизација на работните места. Исто така, дел од назначените лица од работната група пристапија кон изготвување на клучните подзаконски акти согласно кои Академијата ќе ги вклучи во процесите на организирање и спроведување обуки од областа на јавни финансии. По пополнувањето на дел од клучните позиции во секторот, вработените започнаа со реализацијата на надлежностите утврдени со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии, односно со подготовка на Нацрт-методологијата за работа на Академијата, спроведување на Анализата за потребите од обука и подготовка на нацрт-извештај и нацрт-годишна програма за обуки за 2024 година.

Секторот одржува континуирана соработка со Националната академија за финансии и економија од Холандија и ЦЕФ Љубљана. Дел од вработените во Академијата присуствуваа на конференција и студиска посета на Националната академија за финансии и економија од Холандија како и во ЦЕФ Љубљана. Исто така, ЦЕФ Љубљана организираше работилница за сите вработени од Академијата во врска со подготовката на Методологијата за работа на Академијата. Беа преземени активности за обезбедување простории во кои ќе се одржуваат обуките и во кои ќе бидат сместени вработените. Исто така, беа преземени иницијативи за склучување меморандуми за соработка со домашни и странски институции/организации кои официјално ќе се реализираат во текот на следниот период.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

**Потпрограма: Макроекономска политика**

Програмата на економски реформи 2023 - 2025 година беше усвоена од страна на Владата на 1 февруари 2023 година, а потоа доставена до Европската комисија.

Во согласност со Хоризонталниот преглед на програмите на економски реформи 2023 - 2025 година на државите од Западен Балкан и Турција[2], по претходно одржани оценски мисии од страна на ЕК и ЕЦБ, спроведувањето на препораките од Заедничките заклучоци усвоени во мај 2022 година за Република Северна Македонија е оценето како „делумно“, со резултат од 48,6%.

На 25 и 26 април 2023 година Центарот за извонредност во финансиите (ЦЕФ), во рамки на Регионалниот проект финансиран од ЕУ за поддршка на процесот на подготовка на Програмата на економски реформи, а поконкретно во рамки на потпроектот за оценка на влијанието на реформските мерки врз економијата, одржа обука за линиските министерства за јакнење на нивните капацитети за мерење на влијанието на реформските мерки (Collaborative approach to impact assessment 1).

На 16 мај 2023 година се одржа Економско–финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија (ЕУ) и земјите од Западен Балкан и Турција, каде што беа усвоени Заедничките заклучоци[3] со конкретни насоки за политики за циклусот на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година, односно препораки за чие исполнување надлежните институции треба да реализираат што повеќе активности до декември 2023 година, со цел исполнување на економските критериуми за членство во ЕУ.

На 14 јули 2023 година се одржа Регионален состанок на ЕУ со земјите од Западен Балкан и Турција на кој ЕК го презентираше Водичот за подготовка на ПЕР 2024 - 2026 година, со што официјално започна новиот циклус на подготовка на новите програми на економски реформи 2024 - 2026 година, кои треба да бидат доставени до ЕК најдоцна до 15 јануари 2024 година.

Во јули 2023 година, до Владата на РСМ беше доставена Информација за Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2024 - 2026 година, заедно со Акциски план во кој се наведени сите препораки од Заедничките заклучоци од Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција усвоени на 16 мај 2023 година. Исто така, Информацијата содржи и Работен план за изработка на десеттата ПЕР за периодот 2024 - 2026 година.

На 4 и 5 јули 2023 година се одржа работилница со ЦЕФ на тема Интегрирано планирање и координација, во насока на јакнење на капацитетите на линиските министерства за креирање на мерките за структурни реформи, дискусија околу клучните приоритетни предизвици, како и целокупниот процес на подготовка на ПЕР, улогите на секој чинител одделно и процесот на координација и меѓусебна соработка. Учество земаа и засегнатите надворешни страни како партнери во подготовката на структурните реформи, а дискусијата беше насочена кон активностите на засегнатите страни поврзани со приоритетните предизвици и структурните реформи, како и следните потенцијални структурни реформи за новата ПЕР 2024 - 2026 година.

На 14 јули 2023 година се одржа Регионален состанок на ЕУ со земјите од Западен Балкан и Турција, со што официјално започна процесот на подготовка на новите програми на економски реформи 2024 - 2026 година.

Во септември 2023 година, надлежните институции доставија до МФ нацрт на секторска дијагностика и предлог структурни реформи и реформски мерки за ПЕР 2024 - 2026 година. Во декември 2023 година надлежните институции доставија до МФ финално известување за степенот на реализација на активностите за исполнување на препораките согласно Акцискиот план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија од 16 мај 2023 година.

Во периодот од 15 до 29 декември, на веб-страницата на МФ беше објавен Нацрт-ПЕР 2024 - 2026 година, дел 5 Структурни реформи (https://finance.gov.mk/консултации-со-јавноста-за-нацрт-

[2] https://economy-finance.ec.europa.eu/system/files/2023-05/ip252_en.pdf
[3] https://data.consilium.europa.eu/doc/document/ST-9478-2023-INIT/en/pdf

прог/), како дел од процесот за консултации со јавноста, а истовремено беше доставена и електронска покана до заинтересираните страни за доставување мислење и забелешки во однос на мерките.

Во декември 2023 година беше изработена макроекономската и фискалната рамка на ПЕР 2024 - 2026 година.

Во јули 2023 година беше изготвен и доставен во владина процедура Полугодишниот извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија јануари – јуни 2023 година, кој беше усвоен на седница на Владата одржана на 5.9.2023 година.

**Во текот на 2023 година, во Потпрограмата: Развојни проекти беа реализирани низа проекти:**

Со оглед на фактот што **Вториот проект за подобрување на општинските услуги** (во износ од 25 милиони евра, финансиран со средства од Светската банка) заврши во јануари 2023 година, сите 54 потпроекти на 37-те општини со потпишани 38 договори за подзаем со Министерството за финансии беа реализирани, при што потпроектот на една општина е реализиран со намален обем. Вкупната реализирана вредност на компонентата за подзаем изнесува околу 18,7 мил. Евра.

Општините со склучени договори за подзаем во рамките на проектот МСИП 2 имаа можност да добијат грант за реализација на општинските потпроекти во најсиромашните и маргинализирани населени места со најнеповолни услови за живот во општината согласно подготвената и одобрена урбана ревизија. Во рамките на оваа компонента беа потпишани 40 договори за грант со 35 општини за реализација на 43 потроекти во вкупна вредност од околу 4,4 мил. евра, при што сите потпроекти се целосно реализирани.

Во рамки на **Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор** во компонентата 1а - Инвестиции во енергетска ефикасност во општините, по спроведениот скрининг на општинските објекти беше утврдено дека 43 објекти на 12 општини продолжуваат во следната фаза во која во тек е подготовка на енергетски ревизии и основни проекти од страна на избраната консултантска компанија, после нивната изработка ќе се пристапи кон потпишување на договори за под-заем и грант со општините. Во однос на 4-те општини кои поднесоа потпроекти за улично осветлување, по подготовката на физибилити студиите беа потпишани договорите за подзаем и грант помеѓу општините Ранковце, Лозово и Дебрца и Министерството за финансии и тие преминаа во следната фаза, односно во тек е тендерска постапка за избор на најповолен понудувач за изведба на градежните активности. По изработката на физибилити студиите беше утврдено дека потпроектот на Општина Демир Капија не е подобен за понатамошно финансирање што доведе до раскинување на иницијалниот договор со оваа општина. Со Општина Пробиштип која исто така аплицираше со потпроект за улично осветлување, со оглед на тоа што општината веќе имаше подготвена физибилити студија, директно беше потпишан договор за подзаем и грант со Министерството за финансии. Кај оваа општина градежните работи на терен се веќе завршени и овој потпроект е успешно реализиран. Со оглед на фактот што општините сè уште имаат можност да доставуваат барања за користење средства од овој проект, во изминатиот период беа доставени апликации од дополнителни 14 општини кај кои во тек се посети на терен со цел утврдување дали доставените апликации ги исполнуваат условните критериуми за учество во проектот.

Во Компонентата 1б - Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт, по спроведениот сеизмички скрининг беше утврдено дека 18 објекти можат да продолжат во следната фаза. За овие објекти беа подготвени енергетски ревизии, основни проекти и нивни ревизии. Во однос на објектот на Универзитетската клиника за психијатрија, по објавениот тендер за избор на фирма за изведба и тендерската постапка за избор на надзорен орган, беше потпишан договор со најповолните понудувачи од двете постапки и овој објект е во завршна фаза на имплементација, односно во тек се финалните исплати. За 14 здравствени објекти беа потпишани договори за грант со Министерството за финансии и во тек е потпишување договор со изведувачот на градежните активности. Во февруари 2023 година беше поднесена апликација до ВБИФ

(Инвестициска рамка за Западен Балкан) преку Секретаријатот за европски прашања за дополнително финансирање на овие здравствени објекти во рамки на 8-от повик. Апликацијата беше одобрена во јуни 2023 година со што проектот ќе добие дополнителни средства во износ од околу 2 милиона евра за финансирање на објектите од оваа поткомпонента по потпишувањето на договорот за грант. Освен горенаведените, беа доставени и апликации од 2 дополнителни институции во рамките на оваа поткомпонента.

Во однос на Компонентата 1в - Технички студии за поддршка на инвестициите, по спроведената постапка за набавка беше потпишан договор со ИЗИИС во рамки на кој беше спроведен сеизмички скрининг на објектите поднесени од страна на Министерството за здравство, како и на објектите поднесени од страна на општините. Исто така, по изборот на консултантските фирми за изработка на енергетски ревизии, основни проекти и ревизија на здравствените објекти, тие беа изработени и доставени. Во тек е потпишување договори со избраните компании за изведба на градежните работи на здравствените објекти, како и евалуација на пристигнатите понуди во постапката за избор на компанија која ќе врши надзор на изведбата на потпроектите на здравствените домови. Во однос на општинските објекти, беше потпишан договор со компанијата која треба да изработува енергетски ревизии, технички проекти и ревизии, а овие активности се во тек.

За 4-те општини кои имаа апликации за јавно осветлување, избраната компанија изработи физибилити студии и основни проекти. Исто така, во тек е постапка за избор на компанија која ќе врши надзор на изведбата на уличното осветлување кај 3-те општини кои потпишаа договори за подзаем и грант, а во рамки на оваа компонента беше ангажиран и надзорот на изведбата на потпроектот на Општина Пробиштип.

Во рамки на Компонента 2 - Техничка помош и поддршка при спроведувањето, ангажирана е консултантска компанија која тековно ги подготвува документите потребни за подготовка и воспоставување ЕЕ фонд при што консултантите подготвија неколку опции, а како најповолна беше избрана втората опција (воспоставување на Фондот во рамки на РБСМ). Беше одобрен и документот за концепт на ЕЕ фондот. Дополнително, Владата и Собранието на РСМ ги усвоија потребните измени на Законот за Развојната банка.

**Во Потпрограмата: Економски форум** на 15 септември 2023 година беше одржано Третото издание на СЕФФ, на тема „Европска интеграција и економски просперитет, Европа - да, Европа - сега“ со четири панел-дискусии: Европска и регионалната интеграција; Пазари, институции и економски просперитет; Геополитика, креирање политики и финансии и Глобални трендови и деловни можности. На конференцијата учествуваа министри, претставници на меѓународни финансиски институции, меѓународните партнери за развој, граѓанското општество, академската заедница, бизнис-секторот и други експерти и чинители кои инициараа конструктивни идеи и препораки за политики што се применливи во регионален контекст. Фокусот на конференцијата беше врз забрзувањето на европската интеграција на Западен Балкан во духот на планот на Европската комисија за Западен Балкан, најавен на крајот на мај 2023 година од страна на претседателката на Европската комисија, Н.Е. г-а Урсула фон дер Лејен.

Учесниците имаа исклучителна можност да дискутираат за планирањето на макроекономските политики, јавните финансии и структурните реформи, мобилизацијата на приватниот капитал, зајакнувањето на регионалната и европската соработка, дигитализацијата, зелената економија, човечкиот капитал итн.

Одлуката на Министерството за финансии да организира меѓународна конференција на високо ниво произлегува од заложбата на Министерството да ги промовира транспарентноста и инклузивниот дијалог со релевантните чинители.

Во **Потпрограмата за Унапредување на фискалната децентрализација**, во 2023 година беа подготвени и донесени:

- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година; Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година;
- услови за оспособување на преостанатата општина Пласница да ги исполни условите за II фаза на децентрализација – општина Пласница достави известување за исполнување на условите, а Минситерството за финансии достави Информација до Владата на РСМ;
- Предлог-закон за управување со општински долгови – со подршка од УСАИД беше направена компаративна анализа со искуства од неколку земји и во тек е подготовка на нов Закон за управување со општински долгови;
- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот; беа изготвени анализи по потреба на општините, беше формирана координативна група од 11 институции која ги разгледуваше предлозите, а понатамошната постапка во Владата ќе следи наредната фискална година;
- инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор;
- регионален и локален развој - формирање Агенција за регионален и локален развој – беа изготвени сценарија и на 17 октомври 2023 година беше донесена Информација на Влада со предлог-заклучоци за изготвување законски решенија за формирање на Агенцијата. На владино ниво постои работна група во која има член и од Мф. Оваа активност е преместена за наредните години;
- Уредба за прераспределба на капиталните дотации до ЕЛС - со поддршка од УНДП беше изготвена информација со споредбени искуства на земјите во регионот и ЕУ.
- издавање структурни обврзници;
- Предлог-закон за управување со општински долгови – со подршка од УСАИД беше направена компаративна анализа со искуства од неколку земји, а во тек е подготовка на нов Закон за управување со општински долгови.

Во Потпрограмата: **Ефективни инструменти согласно Планот за забрзан економски раст,** во 2023 година беше подготвен и донесен:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за развојната банка на Северна Маедонија.

## ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

**Во Потпрограмата за буџети и фондови, во 2023 година** беа подготвени и донесени акти во функција на исполнување на целите и задачите:

- Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година;
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година;
- Буџетски циркулар за 2024 година со кој се даваат насоките за изработка на Буџетот за наредната година;
- Одлука за прераспределба на средствата за 2023 година помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на РСМ“ бр.207/23);
- Одлука за прераспределба на средства за 2023 година помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на РСМ“ бр. 264/23);
- измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година;
- Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година;

- Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година;
- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година;
- План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст – 2023 година;
- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година;
- Буџетски циркулар за општините за 2024 година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година;
- услови за оспособување на преостанатата општина Пласница да ги исполни условите за II фаза на децентрализација – општина Пласница достави известување за исполнување на условите, а Министерството за финансии достави Информација до Владата на РСМ;
- Предлог-закон за управување со општинските долгови – со подршка на УСАИД беше направена компаративна анализа со искуства од неколку земји, а во тек е подготовка на нов Закон за управување со општински долгови.

Во **Потпрограмата за трезор**, во 2023 година беа подготвени и донесени акти коишто се во функција на исполнување на целите и задачите, и тоа:

- Годишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година;
- Полугодишен извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2023 година;
- Упатство за дополнување на Упатството за трезорско работење;
- Упатство за дополнување на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи.

Во **Потпрограмата за управување со јавен долг**, до 31.12.2023 година беа подготвени и донесени следните документи:

- Годишен извештај за управување со јавниот долг за 2022 година;
- Стратегија за управување со јавниот долг за 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година);
- Правилник за начинот и постапката за издавање и исплата на државните хартии од вредност на домашниот финансиски пазар ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 137/2023);
- Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг за 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година); Правилник за начинот и постапката за издавање и исплата на државните хартии од вредност на домашниот финансиски пазар;
- издавање граѓанска обврзница;
- издавање зелена обврзница;
- издавање структурни обврзници;
- издавање на 22-та емисија на обврзници за денационализација;
- издавање државни хартии од вредност според календарот за издавање на хартиите од вредност.

## ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

Во **Потпрограмата за политика за јавни приходи од акцизи** во тековната 2023 година, од областа на акцизната политика и оданочувањето на моторните возила, се работеше на подготовка на:

- Предлог за изменување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2021 - 2025 година;
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, и
- Уредба за дополнување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила.

Во **Потпрограмата за даночна политика**, во тековната 2023 година продолжи да се имплементира Стратегијата за реформа во даночниот систем 2021 – 2025 година. Во текот на 2023 година беа подготвени и донесени следните закони и подзаконски акти:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
- Закон за данокот за солидарност;
- Закон за измена и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи;
- Подзаконски акт за спроведување на Законот за данокот за солидарност;
- Одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност;
- Правилник за начинот на пријавување и регистрација на странско лице, начинот на водење на регистарот на даночни застапници, формата и содржината на регистарот на даночни застапници, формата и содржината на пријавата за регистрација за целите на данокот на додадена вредност и потребната документација;
- Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на годишниот извештај со податоци за стекнување и продажба на хартии од вредност од страна на физички лица и годишниот извештај со податоци за остварениот доход од удели во инвестициски фонд.

Во **Потпрограмата за царинска политика** во 2023 година беа донесени следните законски и подзаконски акти од областа на царинската политика:

- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија (4 измени годишно);
- Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2024 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 260 од 11.12.2023 година.

**ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ**

Во **Програмата за финансиски систем** во тековната 2023 година беа реализирани повеќе активности во насока на натамошно зајакнување на финансискиот систем, и тоа:

- изготвување мислења по доставени барања за мислења по однос на закони и извештаи за работа и финансиски извештаи од други институции;
- организирање на 6-те обуки за банкарство и пазар на капитал во соработка со АТТФ - Агенцијата за трансфер на финансиска технологија од Луксембург;
- изготвување мислења за утврдување постоење економски интерес за прием во државјанство на Република Северна Македонија во согласност со Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија - 4 (четири);

- подготовка на нов Нацрт-текст на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, којшто е доставен на мислење до Европската комисија.

**Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции**

Во рамките на оваа потпрограма во текот на 2023 година беа донесени:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва;
- нов Закон за решавање банки;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија;
- Закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност;
- Закон за финансиски инструменти.

Беа подготвени и:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките;
- нов Закон за системот за заштита на депозити;
- Правилник за начинот на управување со кредитен ризик на финансиските друштва;
- Правилник за постапките, правилата и начинот на вршењето на надзорот над финансиските друштва;
- Правилник за програмата за работа на финансиско друштво.

Во 2023 година беа издадени:

- решенија за согласност за член на орган на управување во финансиско друштво – 5 (пет);
- решенија за согласност за промена во сопственичката структура на финансиско друштво - 2 (две);
- решенија за одбивање на барање за издавање и дозвола за основање и работа на финансиско друштво – 8 (осум);
- решенија за отфрлање на барање за издавање и дозвола или согласности за основање и работа на финансиско друштво – 2 (две);
- решение за одбивање на барање за издавање и дозвола за основање и работа на финансиско друштво – 1 (едно);
- решенија за согласност за член на орган на управување на давател на финансиски лизинг – 3 (три);
- решение за согласност за промена на основна главнина на давател на финансиски лизинг – 1 (едно).

Воедно беа извршени:

- 12 надзори (5 теренски и 7 вонтеренски) над 12 финансиски друштва.

**Потпрограма: Пазар на капитал**

Во оваа потпрограма во текот на 2023 година беа донесени:

- Одлука за Дваесет и втората емисија на обврзници за денационализација;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Во оваа потпрограма во текот на 2023 година беа подготвени:

- Предлог-закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност, којшто е до Секретаријат за законодавство на мислење;
- Предлог-закон за финансиски инструменти;
- Предлог-закон за алтернативни инвестициски фондови;
- Предлог-закон за изменување на Законот за хартии од вредност;

**Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања**

Во оваа потпрограма во текот на 2023 година беа донесени:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) (*);
- Правилник за формата и содржината на барањето за признавање професионална квалификација стекната во странство;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на сметководствени приправници, Регистарот на сметководители, Регистарот на овластени сметководители, Регистарот на трговци поединци - сметководители, Регистарот на трговци поединци - овластени сметководители, Регистарот на друштва за вршење сметководствени работи и Регистарот на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување;
- Правилник за формата и содржината на барањето за полагање испит за стекнување на статусот сметководител и барањето за полагање испит за стекнување на статусот овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител и уверението за овластен сметководител;
- Правилник за формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на сметководители и барањето за упис во Регистарот на овластени сметководители, како и формата и содржината на потврдата за стекнато искуство во вршење сметководствени работи.

Воедно беа подготвени и:

- Предлог на закон за ревизија;
- Предлог на закон за државна ревизија;
- Предлог на закон за сметководство;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- обука на политичките партии во врска со материјално - финансиско работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај, најмалку еднаш годишно.

**Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри**

Во 2023 година беа издадени:

- 9 (девет) лиценци за приредување игри на среќа;
- 1 (една) одлука за одземање лиценца;
- 820 (осумстотини и дваесет) решенија за приредување игри на среќа;
- 125 (сто дваесет и пет) дозволи за приредување игри на среќа.

Воедно беше подготвен:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, којштo е во собраниска процедура.

**Потпрограма: Систем на осигурување**

Во рамките на оваа потпрограма во текот на 2023 година беа подготвени и донесени:

- Предлог-закон за осигурување;
- Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на цената за задолжително осигурување од автомобилска одговорност.

## ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

**Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА**

Во Потпрограмата за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА во текот на 2023 година беа подготвени повеќе документи и преземени низа активности во функција на натамошно унапредување на односите со Европската Унија:

- годишни изјави за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за индиректно управување со средствата од ИПА за 2022 година за:
  1. Годишна акциска програма за 2014 година,
  2. Годишна програма за 2017година,
  3. Повеќегодишна програма МААР од областа на транспорт и животна средина,
  4. ИПАРД програма 2014 - 2020 година;
- годишни финансиски извештаи за средствата од ИПА испратени од НАО до Европската комисија;
- конечени извештаи од шест спроведени верификациски посети согласно Планот за спроведување верификациски посети за 2023 година (три верификациски посети во делот на програмите на ИПА и три верификациски посети во делот на програмата ИПАРД);
- Информацијата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување систем за индиректно управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година;
- Решение за назначување на националниот координатор за авторизација (НАО) за ИПА 3;
- Уредба за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА 3);
- договори за имплементација помеѓу органите и структурите за ИПА 3 за спроведување на Годишната акциска програма за 2022 година и програмата ИПАРД 3;
- Извештај од самопроцена за акредитирање на Годишната акциска програма за 2022 година за животна средина во рамки на програмски период на ИПА 3;
- квартални извештаи за управување со идентификуваните неправилности во програмите на ИПА;
- Барање за добивање право за индиректно управување со Годишната акциска програма за 2022 година;
- Барање за добивање право за индиректно управување со програмата за рурален развој ИПАРД 3;
- внатрешни постапки за работа на НАО/УС за управување со ИПА 3 - Годишна акциска програма за 2022 година;
- внатрешни постапки за работа на НАО/УС за управување со програмата ИПАРД 3;
- Акциски план за управување со ризици во рамки на структурата на ИПА;

- Акциски план за управување со ризици во рамки на структурата на ИПАРД;
- Информација за консолидираните акциски планови по програмите за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2022 година, издадени од страна на Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА;
- Информација за резултатите од завршената истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007 - 2013;
- Информација за резултатите од завршена истрага (OC/2018/1177/B4) од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007 - 2013 во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2009).

Во однос на политиката за мотивација и задржување на кадарот во рамки на системот за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ИПА беше воспоставено решение коешто се имплементира и во текот на 2023 година, со кое на вработените во институции вклучени во структурата на ИПА им е определен додаток на плата од 15%.

**Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)**

Секторот за централно финансирање и склучување договори во 2023 година спроведе активности во насока на имплементација на средствата од ИПА.

Активностите во врска со апсорпцијата на средствата од ИПА, којашто ги вклучува склучените договори и исплатата на средства за склучените договори заклучно со 12.12.2023 година по програма, се следните:

- во рамките на Повеќегодишната секторска оперативна програма за транспорт и животна средина и климатски промени, беа ставени на располагање 225,87 милиони евра, средства од ИПА. Во рамките на оваа програма беа потпишани договори во вкупен износ од 80,4 милиони евра. Заклучно со 12.12.2023 година исплатени се 35,52 милиона евра средства од ИПА или 15,73% од расположливите средства за оваа програма;
- во рамките на Годишната програма за 2017 година, на Република Северна Македонија ѝ беа ставени на располагање 12,65 милиони евра, средства од ИПА. Досега се склучени 10 (десет) договори во вкупен износ од 12,26 милиона евра од кои 11,67 милиони евра се средства од ИПА или 92,31% од расположливите средства за оваа програма. Исплатени се 8,56 милиони евра средства од ИПА што претставува 69,82% од расположливите средства за оваа програма.

Во истиот период беше подготвена Анализа на научени лекции за 2022 година, а потоа беше доставена до инволвираните страни.

Во рамки на тековните програми договорите се склучуваат согласно усвоените планови за јавни набавки, а исплатите се извршуваат согласно Планот за исплати.

Во текот на 2023 година беа усвоени Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ЦФСД за програмата ИПА 3, со цел добивање акредитација и почеток на спроведување на оваа програма.

**Потпрограма: Исполнување на обврските од евроинтеграцискиот процес**

Во рамките на оваа потпрограма, во текот на 2023 година беа реализирани следните активности:

- претседавање со Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, којшто се одржа во Брисел на 4.10.2023 година;

– координација на Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи.

Воедно, во 2023 година беа подготвени, а потоа и усвоени од страна на Владата следните документи:

- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2022 година;
- Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година;
- Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година, за периодот јануари – јуни 2023 година.

Сите документи се објавени на веб-страницата на Министерството за финансии.

Во 2023 година беа подготвени: Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2022 година – март 2023 година и Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот април – 15 јуни 2023 година.

**Потпрограма: Меѓународни финансиски односи**

Во **Потпрограмата за меѓународни финансиски односи,** во 2023 година беа подготвени и донесени:

- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ – Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII – фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макрофинансиска поддршка на Република Северна Македонија;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин - Табановце;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи помеѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање зелени и општествено одговорни инвестиции;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извозници на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност;

- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија;
- Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за надградба и развој на патишта, кој ќе се склучи помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта;
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги.

Во 2023 година беа подготвени и донесени:

- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 31 март 2023 година;
- Информација за потребата од обезбедување заем за развојни политики;
- Одлука за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа;
- Информација за потребата од склучување Договор за грант за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии, и Европската инвестициона банка;
- Информација за потребата од обезбедување заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова – КфВ наменет за буџетска поддршка;
- Информација од одржани разговори со мисијата на Светската банка во периодот од 28 до 31 март 2023 година за потребата од обезбедување заем за развојни политики;
- Одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународното здружение за развој;
- Информација во врска со подготовката и усогласувањето на документот Системска дијагностика на земјата, во соработка со Светската банка;
- Информација за Рамката за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со Групацијата Светска банка за периодот 2024 – 2028 година;
- Информација за условите за Макрофинансиска помош од Европската Унија;
- Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската Унија со цел користење на инструментот Макрофинансиска поддршка во вкупна вредност од 100 милиони евра;
- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови во вториот квартал од 2023 година;
- Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови во третиот квартал од 2023 година (материјалот е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување).

**Потпрограма: Управување со јавни инвестиции:**

Во оваа потпрограма, во текот на 2023 година беа реализирани следните активности:

- спроведена мисија C - PIMA и добиени се прелиминарни препораки за вградување на аспектите на климатските промени во управувањето со јавните инвестиции;
- спроведена мисија на ММФ - ФАД за планирање на работните процеси за управување со јавни инвестиции и добиени препораки за следни чекори во градење краткорочно ИТ решение/база на податоци за управување со јавни инвестиции;
- започната подготовка на уредба, прирачник и методологија за дефинирање, подготвување, разгледување, оценување и утврдување на приоритетните јавни инфраструктурни проекти со техничка помош од Светската банка;
- зајакнување на капацитетите на Секторот за управување со јавни инвестиции - заклучно со декември 2023 година, бројот на вработени изнесува шест (6) извршители.

## ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во **Потпрограмата за јавна внатрешната финансиска контрола,** во 2023 година беа реализирани следните активности:

- Нацрт-правилник за начинот на извршување на активностите во надлежност на Единицата за финансиски прашања;
- контролни активности за превенеција од идно креирање долгови;
- анализа на регулативата поврзана со преземање и плаќање обврски;
- прашалник и интервјуа со вработени од 5 пилот-институции;
- извештај за фактичката состојба со препораки за пилот-институциите;
- две еднодневни работилници за вработените во единиците за финансиски прашања на централно и локално ниво на тема „ФУК - практична имплементација за буџетските корисници на централно и локално ниво“;
- менаџерска отчетност;
- анализа на регулативата поврзана со менаџерска отчетност;
- прашалник и интервјуа со вработени од 5 пилот-институции;
- извештај за фактичката состојба со препораки за пилот-институциите;
- подготовка на Нацрт-правилник за континуирано професионално усовршување на внатрешните ревизори;
- процес на управување со ризици;
- анализа на регулативата поврзана со управување со ризици;
- прашалник и интервјуа со вработени од 5 пилот-институции;
- извештај за фактичката состојба со препораки за пилот-институциите;
- две еднодневни работилници за вработените во ЕФП и за координаторите за управување со ризици на централно и локално ниво на тема „ЕФП - координативна улога за развој на ФУК и процес на управување со ризици“;
- две еднодневни работилници за внатрешните ревизори на централно и локално ниво на тема „Разбирање и практични искуства во процесот на ревизија базиран на ризици“;
- Нацрт-упатство за спроведување проверки за квалитет на внатрешната ревизија;

- организација и учество на Координативна конференција за твининг-проектот „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола";
- анализа на конечните извештаи од овластените државни ревизори/акциски планови;
- подготовка на дел од Прирачникот за внатрешна ревизија (ИТ ревизија);
- подготовка на мислења по барање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во врска со конечните извештаи на Државниот завод за ревизија, акциските планови што се подготвуваат врз основа на овие извештаи и извештаите за имплементација на акциските планови;
- подготовка на инструкциии за содржината/структурата на Модулот за јавна внатрешна финансика контрола во рамки на ИФМИС;
- супервизија на работењето на единиците за внатрешна ревизија во Општина Гази Баба, Агенцијата за катастар на надвижности и Општина Велес;
- супервизија на финансиското управување и контрола во Агенција за катастар на недвижности;
- подготовка на Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансика контрола за 2022 година. – Извештајот беше усвон од страна на Владата на РСМ на 181-та седница одржана на 29.8.2023 година.

Во рамките на **Потпрограмата за финансиска инспекција во јавниот сектор, во 2023 година,** со поддршка од твининг-проектот на ИПА „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола", се одржаа три обуки, согласно Планот за обука 2023 - 2025 година, врз основа на претходно извршената анализа за потребата од обуки на телата на ИПА и соодветните национални органи што учествуваат во заштитата од измама на фондовите на ЕУ. Во рамките на овој проект беа спроведени две обуки за финансиските инспектори и две пилот-инспекции.

На 14.3.2023 година се одржан конститутивен состанок при што беше формирана мрежата АФКОС, со претставници од институциите членки на мрежата, согласно Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија. Воедно, мрежата АФКОС одржа и два ад хок состанока со засегнатите институции, на барање на структурите на ИПА, поврзани со пријавени случаи на неправилности и сомнежи за измама во однос на имплементацијата на фондовите на ИПА, а со цел подобра соработка и координација во преземањето на потребните активности согласно законските надлежности на одговорните институции. На ден 14.12.2023 година се одржа и вториот состанок на мрежата АФКОС на кој присуствуваа претставници од институциите, вклучени во оваа мрежа.

Во текот на 2023 година беа потпишани меморандумите за соработка во областа на заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија помеѓу Министерството за финансии и клучните институции во соодветната област – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Ревизорското тело и Управата за финансиска полиција, што ќе придонесе за воспоставување ефективна координација на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Нацрт-верзијата на веб-страницата на Одделението АФКОС е подготвена со поддршка од ИПА твининг-проектот „Зајакнување на функциите за планирање, извршување и внатрешна контрола на буџетот".

Одделението АФКОС ги подготви Годишниот извештај за имплементација на Националната стратегија за борба против измами 2022 - 2025 и Акцискиот план 2022 - 2023 година за 2022 година, кои беа доставени на разгледување до Владата на Република Северна Македонија. На седницата одржана на 29.8.2023 година, Владата на Република Северна Македонија ги разгледа Годишниот

извештај за имплементација на Националната стратегија за борба против измами 2022 - 2025 и Акцискиот план 2022 - 2023 година за 2022 година.

Процесот на усогласување на националното законодавство со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измамата за финансиските интереси на Унијата по пат на кривично право резултираше со законски одредби вградени во Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Усогласувањето беше спроведено со поддршка на ИПА твининг-проектот и Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ). На седницата одржана на 13 февруари 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе измени и дополнувања на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/2023).

Во септември 2023 година беше одржана презентација од страна на експерт од Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ) на тема „Структурата и мисијата на Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ)“, на која присуствуваа вработените од Одделението АФКОС, претставници од структурите на ИПА и од мрежата АФКОС.

На семинарот на АФКОС на земјите кандидати и потенцијални кандидати за влез во Европската Унија што се одржа на 12 и 13 септември 2023 година присуствуваа претставници од Секторот за финансиска инспекција и координација за борба против измама на ЕУ средствата, структурите на ИПА и мрежата АФКОС.

Во ноември беше извршена ревизија на Акцискиот план 2022 - 2023 година за реализација на Националната стратегија за борба против измами 2022 - 2025 и беше подготвен Акциски план за перидот 2024 - 2025 година, кој до крајот на 2023 година ќе биде проследен во владина процедура за негово одобрување.

Во декември 2023 година беше реализирана активност за ревидирање на интерните процедури на структурите на ИПА во согласност со барањата на ИПА 3.

Во врска со работата на финансиската инспекција во јавниот сектор, беше подготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2022 година, кој беше разгледан од страна на Владата на Република Северна Македонија на 147-та седница на Владата на РСМ одржана на 18 април 2023 година, а воедно беа спроведени и постапки на финансиската инспекција кај субјекти од јавниот сектор, во согласност со Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

Со поддршка од експертите од ИПА твининг-проектот беа финализирани нацрт-методолошките алатки за примена на аналитички и инспекциски техники и алатки за финансиска инспекција во јавниот сектор и нацрт-методологијата за собирање и обработка на статистички податоци со индикатори за следење, мерење и оцена на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор. Беше одржана и обука за практична примена на методолошките алатки, а во тек се активности за дизајнирање концепт за стекнување лиценца за финансиски инспектор, како и подготовка на подзаконски и интерни акти за истото.

Новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор беше објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ на 30.1.2023 година и влезе во сила на 7.2.2023 година, и врз основа на тоа започна подготовката на подзаконските и интерните акти што произлегуваат од новиот Закон.

Беа донесени следните подзаконски и интерни акти:

- Упатство за начинот на утврдување на приоритетноста на пријавите;
- Тарифник за утврдување на висината на паричниот надоместок за обучувачи на обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор;
- Тарифник за утврдување на висината на паричниот надоместок за обучувачи за специјализирана обука за финансиски инспектор;

- Тарифник за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за организирање и спроведување на обуката за стекнување лиценца за финансиски инспектор;
- Правилник за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но притоа не се прифатени од страна на финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и притоа се прифатени од финансискиот инспектор и
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог и за евиденцијата за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во финална доработка и усогласување со Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, се следните подзаконски акти:

- Програма за теоретска обука и практична работа за стекнување лиценца за финансиски инспектор и формата и содржината на потврдата за успешно завршена обука;
- Правилник за начинот на ангажирање на обучувачите и начинот на спроведување на специјализираните обуки;
- Програма за полагање испит за стекнување лиценца за финансиски инспектор;
- Програма за обуки за вршење финансиска инспекција за 2023 година;
- Правилник за формата и содржината на образецот за лиценца за финансиски инспектор;
- Правилник за начинот на спроведување на испитот за стекнување лиценца за финансиски инспектор;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за податоците кои се однесуваат на спроведените финансиски инспекции;
- Правилник за начинот на ангажирање на обучувачите за спроведување на обуките за стекнување лиценца за финансиски инспектор и
- Правилник за формата и содржината на образецот за службената легитимација и начинот на нејзиното издавање, одземање и замена.

Воедно, во подготовка е Упатство за начинот на следење, мерење и процена на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор, а подготвена е и Нацрт-процедура за вршење финансиска инспекција, која е доставена на одобрување до тимот за квалитет во Министерството за финансии.

Во текот на 2023 година тековно и континуирано се спроведуваа финансиски инспекции, а нивниот број ќе биде прикажан во Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција за 2023 година.

Во периодот од 26 ноември до 2 декември 2023 година, во рамките на проектот беше реализирана студиска посета во Прага, Република Чешка, на која беа разменети искуства и најдобри практики поврзани со финансиската инспекција во јавниот сектор.

Во рамки на Програмата за управување со јавните финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025 година, финансиската инспекција е вклучена како приоритет во Столбот 6 - Јавна внатрешна финансиска контрола, со дефинирани мерки и активности за постигнување на целта дефинирана со приоритетот, а реформските активности се веќе реализирани.

**ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА**

Во **Потпрограмата за управна постапка и нормативно имотноправни и облигациони работи** во текот на 2023 година континуирано се преземаа активности за решавање на предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и на предметите за експропријација.

Тековно се изготвуваа мислења во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а се даваа и одговори по поднесени претставки и предлози во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози. Исто така, се управуваше и со електронскиот систем – Портал за проверка на статус на предмет за приватизација https://privatizacija.finance.gov.mk/, преку кој барателите имаат увид во текот на постапките по поднесените барања за приватизација, како и со системот за електронско јавно наддавање, воспоставен во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Донесена е Одлука за давање на користење недвижни ствари на Министерството за финансии за потребите на подрачното одделение на Управата за имотноправни работи во Гевгелија (КО Валандово).

Во 2023 година беа изготвени и предлог-одлуки за давање на користење недвижни ствари на Министерството за финансии за потребите на подрачните одделенија на Управата за имотноправни работи (Прилеп, Центар, Гостивар, Тетово, Штип, Кочани).

Во **Потпрограмата за наплата на побарувања од должниците** континуирано се вршеше наплата на побарувањата и продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени процени од страна на Бирото за судски вештачења и донесени одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија. Паралелно, во текот на 2023 година се изготвуваа завршни сметки, се постапуваше по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд во согласност со Законот за управни спорови (донесување управни акти), се постапуваше по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти), се поднесуваа опомени и известувања до должници, се вршеше следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување кон отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедуваше комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираа инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации до Секторот за трезор/се поднесуваа барања за поведување судска постапка за наплата на побарувања.

## 1.11 ПРОГРАМИ

***Во Министерството за финансии утврдени се следните програми:***

### 1.11.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

Во рамки на оваа програма се опфатени генерално активностите на Кабинетот на министерот, Секторот за правни работи, Секторот за финансиски прашања и Секторот за ИК технологија и дигитализација, кои обезбедуваат институционална поддршка на Министерството со цел непречено и нормално функционирање на институцијата, потоа активностите на Секторот за внатрешна ревизија, којшто ја врши функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите со кои Министерството има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, како и активностите на Секторот за човечки ресурси и Одделението за стратешко планирање.

Во рамките на оваа програмата спаѓаат:

- активностите за работи непосредно поврзани со министерот, заменикот на министерот и државниот секретар, активностите на финансискиот сектор, редовното сервисирање на обврските, организацијата и функционирањето на информациониот систем и планирањето и следењето на јавните набавки;
- активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;
- организационата поставеност, кадровската политика и организирањето обуки за вработените во Министерството;
- активностите на Одделението за стратешко планирање за подготовка на стратешките документи на МФ;
- активностите за собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на секторите, односно организационите единици за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, активностите и учеството во изработката на годишните планови за јавни набавки за тековната година, спроведувањето постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки, извештаите за реализација на Годишниот план за јавни набавки, спроведувањето набавки под вредносни прагови во согласност со Законот за јавните набавки, одговори по жалби до ДКЖЈН, одговори на Барања за информации од јавен карактер за кои имател на информации е Министерството за финансии, мислења по доставени барања на мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се од надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организационите единици во Министерството, мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законски и подзаконски акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и другите органи на државната управа, одговори на тужби, жалби и други правни лекови доставени до Државното правобранителство на РСМ, а во кои постапки како тужена страна се јавува Министерството за финансии, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ за поведување постапки пред надлежен суд;
- следење и реализација на договори склучени согласно ГПЈН, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР, одржување, сервисирање и издавање на службените возила, изготвување решенија за користење мобилни телефони и изготвување акти за канцелариско и архивско работење.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени – 104***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 321.165.000,00 денари.

### 1.11.2 ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и следење на макроекономската политика и подготовка на Програмата на економски реформи.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, изработка на Програмата на економски реформи;
- зајакнување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во

контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година;

- ставање во функција различни инструменти во различни институции со цел поддршка на инвестициите согласно Планот за забрзан економски раст;
- реализирање меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии;
- зголемување на фискалниот капацитет и на приходите на општините, зголемување на финансиската дисциплина на општините и намалување на долговите, зголемување на транспарентноста и отчетноста, преточена и во законско решение.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 13***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 121.260.000,00 денари.

### 1.11.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

Оваа Програма ги опфаќа активностите поврзани со системот за подготвување, извршување и финансирање на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа, управување со трезорскиот систем и управување со јавниот долг.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање на фискалната политика и управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес;
- изработка на Фискалната стратегија за среднорочен период и на буџетскиот циркулар;
- подготовка на Предлог-буџетот на Република Северна Македонија;
- Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија;
- контрола на финансиското работење на единцитe на локалната самоуправа (буџет, измени и дополнувања, периодични извештаи и завршна сметка), како и унапредување на буџетскиот процес преку законски измени;
- извршување на Буџетот (на централно и локално ниво), следење и планирање на буџетската ликвидност и известување за извршувањето на Буџетот;
- мерки и активности со цел ефикасно управување со јавниот долг на Република Северна Македонија;
- изработка на Стратегија за управување со јавен долг;
- редовно издавање државни хартии од вредност на домашниот и на меѓународните финансиски пазари;
- редовно сервисирање на обврските по основ на државниот долг коишто се плаќаат од сметката на Буџетот на РСМ;
- изработка на Годишен извештај за управување со јавниот долг.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 85***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 111.773.000,00 денари.

### 1.11.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и дефинирање на јавните приходи како резултат на акцизите, даночната и царинската политика.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- креирање на даночната и царинската политика преку изготвување законски и подзаконски акти од областа на данокот на личен доход, данокот на добивка, данокот на додадена вредност, акцизите, данокот на моторни возила, даноците на имот, комуналните и административните такси, регистрирањето готовински плаќања и даночните постапки, обединување и координирање на работите од областа на царинската политика, систем и постапки, како и подготовка на нацрт-договори за одбегнување на двојното оданочување;
- имплементација на Стратегијата за реформа на даночниот систем 2021 - 2025 година и акцискиот план за тековната година;
- имплементација на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2023 - 2027 година и акцискиот план за тековната година.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 26***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 24.800.000,00 денари.

### 1.11.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за:

- подготовка на регулатива од областа на банкарските и небанкарските институции и следење на спроведувањето на тие прописи;
- предлагање системски мерки и решенија во областа на пазарот на капитал, хартиите од вредност и системот на девизно работење;
- подготовка на регулатива од областа на платежните услуги и платните системи; државната и комерцијалната ревизија, системот на сметководство и сметководствено работење на субјектите; објавување сметководствени и финансиски стандарди и начела;
- подготвување закони од областа на системот на осигурување и реосигурување;
- подготвување закони, подзаконски акти и прописи од областа на игрите на среќа;
- издавање дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг, издавање дозволи за основање и работа на финансиски друштва, вршење надзор над работењето на финансиските друштва и давателите на финансиски лизинг во согласност со приоритетите на Владата на Република Македонија и други работи во врска со финансискиот систем.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 20***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 23.240.000,00 денари.

### 1.11.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

Оваа програма ги опфаќа активностите поврзани со креирање и дефинирање меѓународни финансиски односи, координација на ИПА проекти и реформи во управувањето со јавни финансии, исполнување на обврските на Министерството за финансии што произлегуваат од процесот на евроинтеграција, управување со јавните инвестиции и финансиско управување на средствата од претпристапната помош од ЕУ – ИПА.

Во рамки на Програмата се реализираат активности во функција на:

- соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации;
- копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН),
- координација на Економско – финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со Програмата на економски реформи;

- координација на програмирањето и спроведувањето на проектите од ИПА 2 и ИПА 3 во областа на управување со јавни финансии;
- координација на активностите поврзани со подготовка, следење и известување за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии;
- координација на активностите што произлегуваат од НПАА за поглавјата од НПАА во надлежност на Министерството за финансии;
- процена и следење на јавните инфраструктурни проекти примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста;
- обезбедување ефикасно користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за Република Северна Македонија, што ќе ѝ овозможи на земјата поддршка при исполнувањето на критериумите за пристапување на патот кон полноправно членство во ЕУ;
- спроведување на тендерските постапки, склучување договори, следење и исплата на проектите финансирани од ЕУ- ИПА во рамките на децентрализираниот/индиректниот систем за управување во Република Северна Македонија;
- прилагодување на структурите за имплементација на ИПА во насока на искористување на помошта од ИПА 3 и усогласување со регулативите за неа, како и понатамошна имплементација на структурните фондови.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 58***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 135.369.000,00 денари.

### 1.11.7 ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во рамки на оваа програма се опфатени активностите на јавната внатрешна финансиска контрола и финансиската инспекција во јавниот сектор.

Во рамки на Програмата:

- се врши координација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку неговите три компоненти: финансиско управување и контрола, внатрешна ревизија и нивна хармонизација;
- се спроведуваат активности на финансиската инспекција во јавниот сектор со цел заштита на финансиските интереси на субјектите во финансиското управување со средствата на државниот буџет, буџетите на единиците на локалната самоуправа и средствата од други јавни извори, како и со средства од фондовите на ЕУ, со утврдување на законитоста и нивното ефикасно и одговорно користење во согласност со посебните прописи со кои се уредува надлежноста за спроведување финансиска инспекција и заштита на финансиските интереси на ЕУ преку координација на административни и оперативни обврски и активности и предлог-измени на националното законодавство во врска со борбата против измама на фондовите од ЕУ и ефективна соработка со ОЛАФ;

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 20***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 22.405.000,00 денари.

### 1.11.8 УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

Основна цел на оваа програма е:

- водење првостепена управна постапка од областа на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и од областа на експропријација, согледување и уредување на имотноправните односи со предлагање законски прописи и подзаконски акти кога една од

страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште), давање совети на Владата на Република Северна Македонија кога станува збор за сопственичките и другите имотноправни односи, а притоа се предмет на интерес на Владата и другите државни органи и на Владата и единиците на локалната самоуправа, како и управување со електронскиот систем за јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи, како и со Порталот за проверка на статус на предмет за приватизација https://privatizacija.finance.gov.mk/;

- непосредно извршување и имплементација на законите од областа на имотноправните односи, и тоа Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, во согласност со кој се води првостепена управна постапка за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, Законот за експропријација, во согласност со кој се реализирани и се реализираат голем број проекти за изградба на објекти и изведување работи од значење за Република Северна Македонија и од локално значење и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со кој се даваат мислења и се врши продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари кои не ги користат државните органи;
- управување со државните средства и со имотот стекнат по основ на должничко-доверителски односи, по основ на ненаплатените побарувања од корисниците на кредити од компензационите фондови, странска помош и од тајванската кредитна линија;
- активности за наплата на побарувања пренесени во Министерството за финансии по законски основи, наплата на побарувања генерирани од Компензационите фондови и наплата на побарувања по основ на јавен долг.

Потребни човечки ресурси: ***постојни вработени - 249***

Потребни средства за реализација на оваа програма за 2024 година: 173.805.000,00 денари.

# 2 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (2024 – 2026 година)

## 2.1 ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата за администрација и поддршка произлегува од:<br>**1. стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 година:**<br>– професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники. |
| **2. НПАА**<br>Поглавје: 1 - Политички критериуми (јавна администрација)<br>Поглавје: 32 - Финансиска контрола |
| **3. стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење. |
| **Цел на Програмата:** непречено функционирање на Министерството, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување постапки за јавни набавки, внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите со кои Министерството има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, како и зајакнување на капацитетите во областите финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии. |
| **Показатели за успех на Програмата:** зајакнат систем за јавна внатрешна финансиска контрола, извршени ревизии во согласност со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија, редовно сервисирање на обврските и изработка на предлог-буџетот на Министерството, редовно одржување на инфраструктурата за ИКТ, спроведување постапки за јавни набавки, годишен извештај за поднесени барања за слободен пристап до инфорнмации од јавен карактер и навремено и квалитетно изготвени Стратешки план, Годишен план за работа и месечни и полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии. |

| Програмата е: | ☒ хоризонтална | ☐ вертикална |
|---|---|---|

| Потпрограми (компоненти) на Програмата за администрација и поддршка | |
|---|---|
| **2.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Показатели за успешност:** реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството |

## Б. План за спроведување

### 2.1.1 Потпрограма: Правни работи

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски МКД | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Реализација на Годишен план за јавни набавки | Сектор за правни работи | Сите организациони единици што имаат потреба од набавка | јануари 2024 јануари 2025 јануари 2026 | декември 2024 декември 2025 декември 2026 | Вработени во Секторот | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 |
| 2. Одговори по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | Сектор за правни работи | Сите организациони единици иматели на информации во Министерството за финансии | јануари 2024 јануари 2025 јануари 2026 | декември 2024 декември 2025 декември 2026 | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 |
| 3. Мислења по закони, подзаконски акти и други прописи кои се од надлежност на Министерството, мислења по законски и подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа, мислења по поднесени | Сектор за правни работи | Сите организациони единици во чија надлежност е предметниот материјал | јануари 2024 јануари 2025 јануари 2026 | декември 2024 декември 2025 декември 2026 | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| иницијативи за изменување и дополнување на законите и подзаконските акти во надлежност на Министерството | | | | | | | | | | |
| 4. Одговори на тужби, жалби и други правни лекови, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ | Сектор за правни работи- Одделение за судски спорови и административни работи | Сите организациони единици поврзани со предметниот материјал | јануари 2024 јануари 2025 јануари 2026 | декември 2024 декември 2025 декември 2026 | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Вработени во Секторот | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 |

| Потпрограми (компоненти) на Програмата за администрација и поддршка | |
|---|---|
| **2.1.2 Потпрограма: Општи работи** | **Показатели за успешност:** следење на реализацијата на склучени договори |

## Б. План за спроведување

### 2.1.2 Потпрограма: Општи работи

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски МКД | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Следење и реализација на договори за јавни набавки, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР | Сектор за општи работи | Сите организациони единици што имаат потреба од набавка | јануари 2024<br>јануари 2025<br>јануари 2026 | декември 2024<br>декември 2025<br>декември 2026 | Секторот за општи работи во соработка со Секторот за правни работи, Секторот за финансиски прашања и секторите што иницирале постапка за ЈН | Секторот за општи работи во соработка со Секторот за правни работи, Секторот за финансиски прашања и секторите што иницирале постапка за ЈН | Секторот за општи работи во соработка со Секторот за правни работи, Секторот за финансиски прашања и секторите што иницирале постапка за ЈН | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 |
